С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 17 година XLIV

23 ноември 2009

292.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/1
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) и член 43 од статутот на ЕЛС Велес (Службен гласник на општина Велес бр. 12.2006 година), Советот на ЕЛС ВЕЛЕС на седницата одржана на 13.11.2009 година ја донесе

О Д Л У К А
За измена на распоредот на средствата во Буџетот на општина Велес за 2009 година

Член 1

Со оваа одлука се вршИ измена на распоредот на средства во буџетот на општина Велес за 2009 година и тоа на следниот начин :

Потпрограма / Потставка		Буџет	Самофин.	Донации	Дотации	Кредити
K10	**БИБЛИОТЕКАРСТВО**					
421240	Течни горива	0	0	0	-360.000	0
483290	Купување на друга опрема	0	0	0	360.000	0
N10	**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	0	-893.080	0
401510	Персонален данок на доход од плата	0	0	0	-189.509	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	0	-801.184	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	0	0	-1.301.818	0
482930	Реконструкција на други објекти	0	0	0	1.210.146	0
483110	Купување на канцелариски мебел	0	0	0	443.324	0
421240	Течни горива	0	0	0	262.329	0
421220	Дрва	0	0	0	147.206	0
424210	Одржување на згради	0	0	0	875.554	0
425760	Превозни услуги во образованието	0	0	0	247.032	0
N20	**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	0	-1.264.582	0
401510	Персонален данок на доход од плата	0	0	0	-228.322	0
402110	Основни придонеси за ПИО	0	0	0	-1.068.962	0
402210	Основни придонеси за здравство	0	0	0	-974.888	0
425760	Превозни услуги во образованието	0	0	0	-480.000	0
421240	Течни горива	0	0	0	-420.000	0
482930	Реконструкција на други објекти	0	0	0	4.178.754	0
425990	Други договорни услуги	0	0	0	258.000	0
423990	Други материјали	0	-500.000	0	0	0
425750	Услуги за вонучилишни образовни активности	0	-600.000	0	0	0
482930	Реконструкција на други објекти	0	1.100.000	0	0	0
V10	**ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**					
401130	Основни плати - други вработени	0	0	0	-200.000	0
402290	Други придонеси за Фондот за здравство	0	0	0	-35.000	0
421110	Електрична енергија	0	0	0	235.000	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на буџетот на општината за 2009 година а ќе се објави во Службен гласник на општина Велес.

Бр. 07-4957/1
17-11-2009 година
Велес

СОВЕТ НА ОПШТИНА Велес
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Славчо Чадиев

293.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за учество во реализација на проектот „Биста на Кочо Рацин во Самобор - Р.Хрватска“

Се објавува Одлуката за обезбедување на финансиски средства за учество во реализација на проектот „Биста на Кочо Рацин во Самобор – Р.Хрватска“, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/18
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 31, став 3 Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04,96/04 и 67/07), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.11.2009 година, донесе

ОДЛУКА
за обезбедување на финансиски средства за учество во реализација на проектот „Биста на Кочо Рацин во Самобор-Р. Хрватска“

Член 1

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за реализација на проектот „Биста на Кочо Рацин во Самобор-Р.Хрватска“ од Буџетот на Општина Велес за 2009 година.

Член 2

Средствата во висина од 1.000 евра во денарска противвредност ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Велес за 2009 година од програма АО-Совет на Општина, категорија 41, ставка 413, подставка 413110 –тековни резерви (разновидни расходи).

Член 3

За реализација на овие средства од Општина Велес ќе бидат префрлени на Заедницата на Македонците во Република Хрватска која е носител на проектот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/18
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

294.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2009 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/2
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2009 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/2
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

295.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/3
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 43, став 1, точка 2 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.53/01), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/3
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 46 од Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ”бр. 82/08 и 143/08), а согласно Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (“Сл. весник на РМ” бр. 88/09), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А

ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2010 ГОДИНА

ВОВЕД

Со оваа Програма се уредува:

I. Просторот кој е предмет на уредување,
II. Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште,
III. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура,

VI. Изворите за финансирањето на Програмата,
V. Пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште,
VI. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба,
VII. Начин на распределба на средствата за финансирање за изградба и одржување на инфраструктурата,
VIII. Средства наменети за изработка на урбанистички планови и средства за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти,
XI. Динамика на извршување на Програмата,
X. Преодни и завршни одредби.

I.ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување со поблиско определување на земјиштето што се уредува се смета, изграденото и неизграденото земјиште на просторот на Општина Велес, прогласен како градежен реон.

ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Под обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште се подразбира:

II-1. Подготвителни работи и
II-2. Расчистување на градежното земјиште.

II-1.ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ

Под подготвителни работи се подразбира:

-Оформување на геодетска документација.

-Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура.

II-2. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

-Решавање на имотно правните односи.

-Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат.

-Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата,

уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

III.ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИТЕ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување: водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно, во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

III-1 Основен степен на уреденост претставува опременост со :

-изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

-изградба на електрична мрежа;

-изградба на водоводна мрежа и

-изградба на фекална канализација.

III-2 Дополнителна опременост на земјиштето:

-изградба на ПТТ мрежа;

-изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;

-изградба на атмосферска канализација и

-изградба на јавно осветлување.

Секој вид од објектите од III-1 и III-2 претставува еден степен на уреденост на градежното земјиште, па доколку земјиштето е опремено со повеќе објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со повисок степен на опременост. И обратно ако земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен на уреденост претставува земјиште со понизок степен на опременост.

III-3 Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела:

а)Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

-основни градски сообраќајници (примарни и секундарни);

-непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;

-магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти;

-магистрални и примарни водови за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти

-градски плоштади и јавни прометни површини (улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);

-изградба на јавно осветлување и

-изградба на јавно зеленило.

Овие елементи претставуваат претходни вложувања за опремувањето на градежното земјиште, а учествуваат со 20 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

б) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

`-изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;

-изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;

-изградба на секундарна нисконапонска електрична мрежа, до и со приклучен орман за индивидуални станбени згради и со разводен орман за колективни станбени згради;

-изградба на секундарни ТТ-мрежи до приклучен орман;

Трошоците за уредувањето на градежното земјиште, до градежната парцела која е доделена на користење, согласно склучените договори со корисниците, ги плаќа Општина Велес, со едно приклучно место за секој објект од инфраструктурата за една градежна парцела.

Трошоците за уредување на градежното земјиште до градежната парцела согласно склучен договор со Општината може да ги плати и инвеститорот, правно или физишко лице.

Целосното уредување на градежното земјиште, се врши по обезбедувањето на правни, технички услови и материјални средства.

III-4Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела:

- Уредувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална и сообраќајна инфраструктура и партерно уредување го врши корисникот на земјиштето(инвеститор).
- Проектирањето и изградбата на инфраструктурната мрежа за висок напон, друга инсталација и објекти, трафостаници или учеството во нив, корисникот на земјиштето го регулира согласно енергетската согласност издадена од “Електростопанство - ЕВН”
- Доколку изградените објекти од комуналната инфраструктура остануваат во границите на градежната парцела на корисникот и под објектите што ќе ги гради, корисникот на земјиштето мора да побара писмена согласност од надлежниот општински орган, кој дава согласност по мислење од соодветното комунално претпријатие. Трошоците за заштита на тие објекти ги сноси корисникот на земјиштето.

-Трошоците за преместување на постојните објекти од комуналната инфраструктура што пречат за изградба и користење на објектите што ги сноси корисникот на земјиштето, со исклучок на трошоците за преместување на постојните инфраструктурни инсталации што пречат за изградба и користење на објектите изградени без согласност на надлежниот општински орган.

Трошоците за расчистување на градежното земјиште и геомеханичките испитувања ги сноси корисникот на земјиштето. Исто така, корисникот на земјиштето е должен да ги надомести на Општината, порано направените трошоци за расчистување на градежната парцела.

	Програма за урбано планирање, комунални дејности и заштита на животната средина и природата на Општина Велес во 2010 година.	
	ПРИХОДИ	**Ден.**
1	Средства од продажба на градежно земјиште	**21.000.000**
2	Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште од корисници на земјиште за изградба на објекти	**18.517.400**
3	Надоместок од комунална дејност - јавна чистота	**8.000.000**
4	Средства од надоместок за користење на такси станици и автобуски постојки	**3.000.000**
5	Средства од надоместок за користење на јавно прометни површини	**1.500.000**
6	Средства од надоместок за користење на рекламни паноа	**1.600.000**
7	Средства од републиката	
	* Средства од фондот за магистрални и регионални патишта	**14.000.000**
8	Тековни трансвери од други нивоа на власта	**6.000.000**
9	Средства од буџетот на општината	**19.266.600**
10	Приходи од јавно осветлување	**28.000.000**
	ВКУПНО:	**120.884.000**

	РАСХОДИ	**Ден.**
	ВКУПНО:	**106.650.000**
Ф	**Урбано планирање**	**12.900.000**
Ф10	**Урбанистичко планирање**	**3.000.000**
Ф20	**Уредување на градежно земјиште**	**3.300.000**
1	Експропријација на градежно земјиште	1.000.000
2	Надзор на изведбата на градежни објекти	1.000.000
3	Геодетски услуги (протоколи, нумерички и ажурирани пологи)	1.000.000
4	Геомеханички испитувања	300.000
Ф30	**Уредување на простор во рурални подрачја**	**4.000.000**
1	с.Оризари, с.Мамутчево, с.Бузалково, с.Црквино, Сојаклари с.Иванковци и др	4.000.000
ФА0	**Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)**	**2.600.000**
1	Изработка на проектна документација за инфраструктура	2.600.000
	*Проект за продолжување на фекална канализација од с.Сујаклари до с.Мамутчево	
	*Сообраќајни проекти	
Ј	**Комунални дејности**	**93.100.000**
Ј00	**Одржување на урбана опрема**	**500.000**
1	Фарбање на столбчиња, парапети и канделабри	200.000
2	Одржување на разна урбана опрема	300.000

ЈН0	**Урбана опрема (капитални расходи)**	**2.300.000**
1	Набавка на урбана опрема	1.000.000
2	Набавка на садови за собирање на цврст комунален отпад	300.000
3	Ракохвати и огради	1.000.000
Ј10	**Снабдување со вода**	**600.000**
1	Изградба на водоводна линија за населба Хабитат	600.000
ЈГ0	**Изградба на системи за водоснабдување**	**3.700.000**
1	Поврзување на езеро Младост со градскиот водоснабдителен систем	500.000
2	Учество за изградба на систем за водоснабдување на с.Црквино.	200.000
3	Учество за изградба на систем за водоснабдување за Бузалково	3.000.000
Ј20	**Одведување и пречистување на отпадни води**	**4.100.000**
1	Изградба на канализациона линија за населба Хабитат	600.000
2	Изградба на атмосверска канализација на спојот помеѓу плоштад Панко Брашнар и ул. Благој Ѓорев	800.000
3	Прибирање на мали води од Дервенски поток (под дуќаните) со готови бетонски елементи.	600.000
4	Чистење на канали за атмосферска канализација	300.000
5	Изградба на краци од каналализационен систем во Бузалково- учество	600.000
6	Изведба на канали за прифаќање на атмосверски води	1.200.000
ЈИ0	**Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води**	**2.400.000**
1	Изградба на фекална канализација во Сателитска населба на езеро Младост	2.000.000
2	Довршување на главната канализациона мрежа с.Сујаклари (доградба на уште два крака 200 до 250м)	400.000
Ј30	**Јавно осветлување**	**19.500.000**
1	Потрошена електрична енергија	11.500.000
2	Одржување на јавно осветлување	2.000.000
3	Набавка на репро материјал	1.300.000
4	Проширување на мрежа	1.700.000
5	Реконструкција на мрежа (пратење на изградба на мрежи од страна на ЕВН)	1.500.000
6	Замена на постојни со економични светилки	1.000.000
7	Дислокација на ормари надвор од трафостаница	500.000
ЈА0	**Изградба на јавно осветлување**	**3.000.000**
1	Новогодишно украсување	350.000
2	Осветлување на населба Хабитат	200.000
3	Осветлување на Индустриска зона Речани	200.000
4	Оспособување на градскиот парк	400.000
5	Осветлување на пешачката патека на железен мост	500.000
6	Осветлување на паркот и партерот пред зградата на Општина Велес	200.000
7	Реконструкција на Младински парк со економични амбиентални светилки	200.000

8	Замена со економични амбиентални светилки на партери, плоштади , паркови и други локации	300.000
9	Речани изградба на ново мерно место со улично осветлување зад управна зграда на поранешен АК Лозар	200.000
10	Осветлување на Населба Каменот зад Спомен Костурница	100.000
11	Бузалково проширување на мрежа за улично осветлување	100.000
12	Оспособување на уличното осветлувањее во с.Крушја	100.000
13	Изградба на улично осветлување во Горно Каласлари	150.000
Ј40	**Јавна чистота**	**4.000.000**
1	Чистење на јавно прометни површини	4.000.000
ЈК0	**Јавна чистота (капитални расходи)**	**0**
		0
ЈЈ0	**Изградба на депонии за отпад**	**0**
		0
Ј50	**Јавен локален превоз на патници**	**0**
		0
Ј60	**Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај**	**11.250.000**
1	Прередување на камени коцки	600.000
2	Бетонирање на улици - интервентно	1.500.000
3	Бетонирање на потпорни ѕидови - интервентно	1.500.000
4	Зимско одржување на локални патишта и улици	2.000.000
5	Редовно инвестиционо одржување и непредвидени работи	3.000.000
6	Поставување на еластична ограда на ул.Луј Пастер	100.000
7	Одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација	1.200.000
8	Чистење на банкини	350.000
9	Изградба и поставување на автобуски постројки (во с.Сујаклари, Шорка, Отовица и др.)	500.000
10	Отстранување на последици од елементарни непогоди	500.000
ЈД0	**Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**	**26.580.000**
1	Асфалтирање на ул.Сутјеска	350.000
2	Асфалтирање на ул. Крсте Мисирков	1.200.000
3	Асфалтирање на ул. Костурска	1.800.000
4	Реконструкција на дел од ул. Сараевска	800.000
5	Асфалтирање на обиколен пат Велес-Башино село	1.000.000
6	Асфалтирање на ул.Гоце Делчев со тротоари	1.200.000
7	Асфалтирање на ул.Киро Ќучук (од спој со Васил Главинов до спој со Гемиџиска)	1.400.000
8	Асфалтирање на ул.Невена Георгиева Дуња	600.000
9	Асфалтирање на ул.Ордан Џинот од спој со Прохор Пчински до спој со Вера Цири Вири	1.000.000
10	Асфалтирање на дел од Орце Мартинов со Самоборска	600.000
11	Изградба на улици во населба Хабитат	500.000
12	Изградба на ул.Тодор Јанев (стругање и асфалтирање)	1.000.000

13	Реконструкција на пат за с.Слп	300.000
14	Реконструкција на дел од пат кон Чалошево - Дурутовец над подвозникот л=150м	400.000
15	Изградба на тротоар на ул. Љубљанска	800.000
16	Продолжување на тротоар на ул. Вардарска	500.000
17	Реконструкција на тротоар на ул. Сутјеска	300.000
18	Реконструкција на тротоар на ул. Крсте Мисирков	300.000
19	Изградба на тротоар од спој на ул. Живко Фирфов со Благој Ѓорев до рампа во Превалец (после реконструкција на водоводна мрежа)	1.100.000
20	Потпорен ѕид на ул.Игманска II фаза	500.000
21	Потпорен ѕид на ул.Костурска 2	500.000
22	Асфалтирање на Коле Цветков (од Малина до спој со Браќа Капчеви)	600.000
23	Реконструкција на тротоар на ул. Благој Ѓорев(на потегот од трговскиот до железничарската зграда)	150.000
24	Бетонирање на дел од ул.Стојан Јанакиевиќ	180.000
25	Бетонирање на дел од ул.Јане Сандански	400.000
26	Бетонирање на дел од ул.Ганчо Хаџи Панзов	100.000
27	Бетонирање на дел од ул.Богдан Каракостев	100.000
28	Бетонирање на дел од ул.Васа Кошулчева	400.000
29	Реконструкција на Петре Алчев	1.000.000
30	Бетонирање спој помеѓу улиците Славе Ефтов и Александар Несторов	400.000
31	Изведба на патека спој на ул.Орце Шутев и ул.Димитар Влахов	150.000
32	Поплочување на ул.Прохор Пчински (пристап кон црква Св.Спас)	2.000.000
33	Поплочување на ул.Кирил и Методиј (пристап кон црква Св.Пантелемон)	1.400.000
34	Изведба на ригола на патот Свилара Оризари	600.000
35	Пробивање и бетонирање на улица позади зградата на ХИВ	800.000
36	Сопот	400.000
37	Ораовец	500.000
38	Рлевци	400.000
39	Отовица	300.000
40	Бетонирање на улица 8-ми Март	150.000
41	Асфалтирање на улица Никола Карев	400.000
ЈФ0	**Изградба на сообраќајна сигнализација**	**200.000**
1	Поставување на легнати полицајци	200.000
Ј70	**Одржување и користење на паркови и зеленило**	**4.800.000**
1	Одржување на градско зеленило	4.000.000
2	Набавка на материјали за хортикултурно уредување	500.000
3	Сечење и одржување на деградирани дрвја	250.000
4	Пошумување	50.000
ЈМ0	**Паркови и зеленило (капитални расходи)**	**1.500.000**
1	Уредување на простори пред згради и реконструкција на зелени површини	1.000.000
2	Подигнување на нови зелени површини	500.000

Ј80	**Други комунални услуги**	**2.550.000**
1	Рушење на бесправно изградени објекти	250.000
2	Рушење на стари објекти склони на паѓање	200.000
3	Санација на карпи	300.000
4	Ерадикација на животни скитници, дератизација и аеросолнадезинсекција	800.000
5	Рамина	1.000.000
ЈЛ0	**Други комунални услуги (капитални расходи)**	**4.900.000**
1	Плоштад Варналиеви	1.000.000
2	Плоштад Којник	500.000
3	Плоштад Мегдан	150.000
4	Уредување на простор кај ОУ Кирил и Методиј	350.000
5	Уредување на пристапи кон пешачка патека на железен мост	600.000
6	Кеј на Вардар	500.000
7	Уредување на простор во Градскиот парк	600.000
8	Изградба на прешачки надвозник на Битолска пруга (Кумановска - Енгелсова)	1.200.000
Ј90	**Одржување на простори за паркирање**	**120.000**
1	Обележување на паркинг простори	120.000
ЈЕ0	**Изградба на простор за паркирање**	**1.100.000**
1	Изградба на паркинг простор пред црквата пред Свети Спас (поплочување со бехатон)	600.000
2	Изградба на паркинг простор во Градскиот парк за новиот фудбалски терен	500.000
Р10	**Заштита на животна средина**	**650.000**
1	Анализи на квалитет на животна средина	150.000
2	Б-интегрирани еколошки дозволи	50.000
3	Програма за управување со отпад	200.000
4	Чистење на диви депонии	250.000

По потреба во текот на реализацијата на Програмата, може да се врши прераспоредување на средствата на работите од една во друга позиција најмногу во висина од 15% од предвидените средства.

V.ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО_ ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВАТА РАСПРЕДЕЛБА

1.За одредување на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште како база за утврдување на трошоците за уредувањето е земен комплексот со индивидуални и колективни станбени згради Тунел-2 во Велес.

2.Ова е сторено од причина што до сега единствено за овој комплекс постои комплетна, детална урбанистичка документација, со проекти за сите инфраструктури, геолошки подлоги, геомеханички испитувања со што би можеле да дојдеме до приближно стварните цени за чинење на уредување на градежното земјиште по м2 нето корисна површина.

3.Висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште за 1 м2 нето корисна површина, утврдена врз основа на реалните трошоци изнесува:
57.431.700,оо ден. : 35.850 м2 = 1.602,оо ден./м2

4.Во оваа цена не се предвидени трошоците за уредување на земјиштето околу објектите (партерно уредување) кое со самофинансирање ќе го уредуваат самите граѓани.

5.Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште и неговата распределба е дадена во следниов преглед:

	I. Градежен реон на градот		
1.	***Станбени објекти*** (индивидуални и колективни)	**1.602,00**	ден./м2
.	станбени простории	Коефициент	1,0
-	станбени простории со висина до 2,50м, подпокривен простор	Коефициент	0,2
.	лоѓија затворена од три страни	Коефициент	0,4
-	подлоѓија затворена од две страни	Коефициент	0,3
-	балкони, тераси	Коефициент	0,2
-	заеднички проодни тераси, пасажи	Коефициент	0,2
-	помошни простории, остава за гориво, котлара, визба	Коефициент	0,3
-	трафостаница од 35 Кв во објектот и надвор од објектот	Коефициент	0,3
-	скалишен простор и заеднички комуникации	Коефициент	0,3
-	стражарници, управител, просторија за домар	Коефициент	0,5
-	паркиралишта и гаражи	Коефициент	0,1
2.	***Административно-деловни објекти***	**1.602,00**	ден./м2
.	простории	Коефициент	1,0
-	магацини	Коефициент	0,5
-	помошни простории, остава за гориво, котлара	Коефициент	0,3
-	трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот	Коефициент	0,4
-	скалишен простор и заеднички комуникации	Коефициент	0,5
-	паркиралишта и гаражи	Коефициент	0,1
-	лоѓија затворена од три страни	Коефициент	0,5
-	подлоѓија затворена од две страни	Коефициент	0,3
-	балкони, тераси	Коефициент	0,4
-	отворен наткриен простор	Коефициент	0,3
-			

3.	***Производен, магацински и деловен*** *простор во индустриска зона*	**1.338,00**	ден./м2
.	простории	Коефициент	1,0
-	магацини	Коефициент	0,5
-	помошни простории, остава за гориво, котлара .	Коефициент	0,3
-	трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот	Коефициент	0,4
-	скалишен простор и заеднички комуникации . .	Коефициент	0,5
-	паркиралишта и гаражи	Коефициент	0,1
-	лоѓија затворена од три страни	Коефициент	0,5
-	подлоѓија затворена од две страни	Коефициент	0,3
-	балкони, тераси	Коефициент	0,4
-	отворен наткриен простор	Коефициент	0,3
4.-	***Објекти од јавен карактер***	**1.602,00**	ден./м2
.	простории	Коефициент	1,0
-	магацини	Коефициент	0,5
-	помошни простории, остава за гориво, котлара .	Коефициент	0,3
-	трафостаница до 35 Кв во објектот и надвор од објектот	Коефициент	0,4
-	скалишен простор и заеднички комуникации . .	Коефициент	0,5
-	паркиралишта и гаражи	Коефициент	0,1
-	лоѓија затворена од три страни	Коефициент	0,5
-	подлоѓија затворена од две страни	Коефициент	0,3
-	балкони, тераси	Коефициент	0,4
-	отворен наткриен простор	Коефициент	0,3
5.-	***Други Објекти***		ден./м2
.	катна гаража	Коефициент	0,2
-	спортски покриени објекти	Коефициент	0,5
-	спортски откриени објекти	Коефициент	0,3
-	бензински пумпи, гасни станици и базни станици за 50% одповршината на локацијата	Коефициент	1,0
.	отворени пазаришта за 30% од површината на локацијата	Коефициент	1,0
-	базени	Коефициент	0,2
-	трафостаница над 35Кв	Коефициент	1,0

-	**II.** Останати урбани единици	
1.	Урбани единици за кои е донесен ДУП план и во кои е извршено делумно уредување на градежното земјиште 1. УЕ1 и УЕ2 на езеро „Младост”	1,63
2.	Урбани единици во кои е извршено делумно уредување на градежно земјиште : - населба Керамидна: постоечки објекти (за објекти изградени до 1996 година пред авионското снимање).	0.19
	нови објекти(после 1996 година)	0.60
	- населба Речани	0.25

Во останатите урбани единици и населени места во кои има донесено урбанистичка документација висината на основицата на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе изнесува 1.334,оо денари, според видот и процентуалниот соодност на објектот (согласно Правилникот), а со примена на следниве коефициенти:

	III. Останати урбани единици и населени места	
1.	Урбани единици за кои има донесено урбан. документација: - Отовица . . . . . . - Г. Оризари . . . . . . - Иванковци . . . . . . - Каласлари . . . . . . - Башино село	 0.50 0.26 0.32 0.26 0.49
2.	Населени места опфатени со општ акт за населени места .	20%

7. Во урбаните единици за кои што нема донесено детални урбанистички планови а издавањето на услови за градба се врши врз основа на урбанистички проект, при пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се наплатува 20% за основна инфраструктура и ќе се применува табелата за дополнително опремување на градежното земјиште.

8. При пресметувањето на висината на надоместокот за уредување на градежното земјиште учеството на поедините елементи на дополнителното опремување на градежното земјиште, кои учествуваат со 80% од надоместокот за уредување на градежното земјиште, е следното:

1.	Изработка на генерални, детални урбанистички планови, урбанистичка документација, проектна документација и надзор	7,00 %
2	Изградба на улици - пробивање . . . . . . - изградба на горен и долен строј	 11,00 % 37,50 %
3	Изградба на фекална канализација	9,00 %
4	Изградба на водоводна мрежа	10,00 %
5	Изградба на улично осветлување	5,5о %
	Вкупно:	80,00 %

9. Овие елементи претставуваат вистински (реални) трошоци за опремување на градежното земјиште, а учествуваат со 80 % од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

10. Советот на Општина Велес може да донесе Одлука за делумно или целосно ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за објект од јавен интерес или за објект во индустриска зона по претходно доставен бизнис план со точно дефиниран број и динамика на остварени вработувања.

11. Општината Велес при наплатувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, ќе ги рефундира вложените средства на лицата кои во изминатиот период финансирале во изработката на деталните урбанистички планови , само во случај кога е во прашање општ јавен интерес и ако тоа било предвидено со тогашната програма.

12. При реконструкција со која не се добива нова станбена површина, надоместокот за уредување на градежното земјиште не се наплатува.

13. Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на следниот начин:

- За расчистувањето на градежни парцели за објекти од комунална инфраструктура за индивидуалната и заедничката комунална потрошувачка, проектирањето и изградбата објекти од комунална инфраструктура и уредување на заедничкиот градски простор, се наплатува надоместок за уредување на градежно земјиште на ниво на Општина Велес, врз Основица изразена во денари/м2 нето изградена површина, и согласно член 6 од Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост (Сл. весник на РМ бр. 80/01; 85/01).
- За секој вид на простор неопфатен од одредбата на член 6 став 1 надоместокот ќе се пресметува по аналогија како за просторот опфатен со оваа Програма.

-Просториите во поткровниот простор кај коси покриви на објектот и со надосид на фасадните ѕидови до 1,50 м сметано од подот до почетокот на косината, корисната површина се пресметува со коефициент 0,1.

-За паркиралишта во рамките на објект, корисната површина се множи со коефициент 0,1

-Висината на Основицата за одредување на упросечените трошоци (што ќе се наплатуваат односно исплатуваат на ниво на Општината) ќе биде еднаква на основицата постигната на 31.12.2005 год. во денари/м2 нето изградена површина, а ќе се усогласува со промената на цените на мало.

14.Корисникот на градежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветната секундарна мрежа за индивидуална потрошувачка од соодветното комунално претпријатие и без согласност на Општината не може да се приклучи на инфраструктурните мрежи и објекти во Општината.

15.Доколку не добие согласност од комуналното претпријатие по писмен пат, Општината ќе склучи договор за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште само за оние секундарни мрежи од индивидуална потрошувачка за кои има писмена согласност.

16.По добивањето на дополнителната согласност надоместокот за уредување на градежно земјиште за оваа секундарна мрежа од индивидуална потрошувачка се наплатува по упросечени цени.

VI. НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

1.За висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште, се склучува Договор за регулирање на надоместок за уредување на градежното земјиште во писмена форма, директно помеѓу корисникот на земјиштето од една страна и Општината од друга страна, по доставена заверена проектна документација и доставено решение за локациски услови и енергетски согласности.

2.Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од станбен во друг вид простор се наплатува еднократно во висина на евентуалната разлика, а средствата се неповратни.

3.Надоместокот за уредување на градежното земјиште за пренамена од друг вид простор (административно - деловен, производен и објекти од јавен карактер), во станбен простор не се наплатува.

4.Во случај кога опремувањето на градежното земјиште е завршено во предходниот период, за целосно уредено градежно земјиште, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на реалните трошоци за уредување - целосен надоместок.

5.Во случај кога градежното земјиште се доуредува (кога е изградена основната инфраструктурна мрежа, а на неа треба да се доизгради секундарна инфраструктурна мрежа) корисникот на земјиштето е должен да инвестира во нејзината изградба.

6.Во случај кога градежното земјиште делумно ќе се уредува или воопшто не се уредува, корисникот на земјиштето плаќа надоместок до висината на трошоците за делумното уредување на земјиштето - делумен надоместок или воопшто не плаќа надоместок.

7.Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема донесено ДУП, и не е изградена секундарната инфраструктурата, а корисникот на земјиштето инсистира сам да ја гради секундарната инфраструктурна мрежа, согласно оверена техничка документација за градење на инфраструктурните објекти со свои средства, должен е на општината да и надокнади за порано направените трошоци во висина од 20%(основна инфраструктура) од надоместокот за уредување на градежно земјиште да овозможи на идните корисници на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надомест; односно инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам да биде технички примена од соодветното комунално претпријатие и да ја предаде на општината без надомест.

8.За објекти за кои до донесување на Законот за локална самоуправа има склучени договори за надоместок за уредување на градежно земјиште, а врз основа на донесените тогашни решенија за локациски услови, помеѓу корисниците на земјиштето и Општина Велес и во меѓувреме се поништени решенијата за локациски услови, а е издадена нова заверена проектна документација, ново настанатите односи ќе се регулираат со анекс договор кон основниот договор помеѓу Општината и корисникот на земјиштето. За истото корисникот на земјиштето е должен да достави документ - дека во предходниот период документацијата му била поништена.

9.Трошоците за опремување и изградба на објекти од комунална инфраструктура надвор од конкретната градежна парцела и трошоците за преместување на објекти од комунална инфраструктура за индивидуална и заедничка комунална потрошувачка, што корисникот ги извел и си ги изведува самоиницијативно без учество на Општината, а пред склучување писмени договори за регулирање на надоместок за уредување на градежно земјиште и писмен договор за изведување на објекти од комунална инфраструктура, не се признаваат, освен во локалитети каде биле бесправно изградени објекти, а со донесување на нови урбанистички планови, истите се вклопуваат.

10. За овие локалитети, мора да има исправна техничка документација за изградените објекти од инфраструктура, оверена од надлежен орган и изградените инфраструктурни мрежи примени од јавните комунални претпријатија. При ова се признаваат само трошоците - делот од надоместокот за уредување на градежното земјиште за изградената инфраструктурна мрежа од индивидуална комунална потрошувачка.

11. Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа; овозможи идно приклучување на нови идни корисници на земјиштето без надомест; а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

12. Надоместокот за уредување на градежно земјиште може да се наплатува и по принцип на одложено плаќање, на еднакви месечни рати и процентуално учество од вкупниот износ со обезбедување на инструмент (клаузула) во Договорот за сигурна динамика и гаранција за исполнување на договорната обврска. Во функција на принципот на одложено плаќање се воспоставуваат "прагови" врзани во зависност од висината на долгот и рокот на одложеното плаќање кои се формирани на следниов начин:

- За вкупен износ на надоместокот до 32.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа при склучување на договорот во целост.
- За вкупен износ на надоместокот од 32.000,оо до 96.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 6 (шест) еднакви месечни рати.
- За вкупен износ на надоместокот над 96.000,оо денари надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се плаќа 50% при склучување на договорот, а остатокот од 50% ќе се плаќа на 12 (дванаесет) еднакви месечни рати.
- При наплатување на надоместокот за уредување на градежното земјиште во случај на легализација (каде има донесено ДУП-ови) на веќе изградени објекти плаќањето ќе се врши на 24 (дваесет и четири) еднакви месечни рати, без оглед на висината на надоместокот.

13.Во поглед на одложено плаќање, присилна наплата, каматата и застареноста на обврската за плаќање ќе се користи клаузулата од Договорот помеѓу Инвеститорот и Органот на Општината надлежен за уредување на градежно земјиште .

VII. СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И СРЕДСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ

Општината ја финансира изработката на ГУП,ДУП,УП за село,УП вон населено место и изработка на техничка документација за инфраструктурни објекти.

VIII. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од створените правни и технички услови, како и од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште и другите средства.

Опремувањето на земјиштето се врши по добивање на Одобрение за градење на објекти од комуналната инфраструктура.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Велес.

2. Градоначалникот на општина Велес е должен за прераспоредувањето на средствата на работите од една во друга позиција во износ до 5 % да го информира Советот на општина Велес, а за поголемо прераспоредување на средства одлука мора да донесе Советот на општина Велес.

3. Оваа Програмата влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Велес".

Број 07-4957/3
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

296.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изработка на Урбанистички планови

во Општина Велес за 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/4
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/4
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на чл.17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр 24/08 пречистен текст), и чл.44 став 1, т. 15 од Статутот на Општина Велес (Сл.Гласник на Општина Велес 12 / 06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година донесе:

П РО Г Р А М А
за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2010 година

I В О В Е Д

Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Велес е Годишна програма и претставува основа за уредувањето и опремувањето на градежното земјиште.

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина преку кое ќе се овозможи отворање на нови локации за:

-домување (индивидуално или колективно)
-деловно трговски простор
-мало стопанство, индустрија
-спорт и рекреација
-ревизија на постојниот и планираниот сообраќај.

Планирањето се овозможува преку:

-измена и дополнување на делови на ГУП.
-измена и дополнување на ДУП - ови, како и изработка на нови ДУП - ови.
-општ акт населено место, урбанистички план за село и урбанистички план вон населено место.

II П Л А Н И Р А Њ Е

Врз основа на Годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачател на планот) склучува Договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови (изработувач на планот) за плановите што ги финансира општината.

Со договорот се утврдува (Програма) содржината на планот, роковите за изработка, начин на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.

Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со :

1.Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште ;
2.Средства од надоместокот за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање од страна на заинтересирани правни и физички лица;
3.Самофинансирање од страна на заинтересирани правни и физички лица.
4.Планирани за изработка се следните планови:

ДУП за УЕ I дел од УЗ Васа Кошулчева	10 ha
ДУП за УЕ II дел од УЗ Родна Ивева	10 ha
ДУП за УЕ III дел од УЗ Димче Мирчев	20 ha
ДУП за УЕ IV дел од УЗ Богдан Каракостев	20 ha
ДУП за УЕ V дел од УЗ Трајко Панов	20 ha
ДУП за УЕ VI дел од УЗ Девети Ноември	20 ha
ДУП за УЕ VII дел од УЗ Алексо Демниевски	20 ha
ДУП за УЕ VIII дел од УЗ Славе Петков	20 ha
ДУП за УЕ IX дел од УЗ Трајко Капчев	20 ha
ДУП за УЕ X дел од УЗ Шорка	20 ha
ДУП за УЕ XI дел од УЗ Керамидна	10 ha
ДУП за УЕ XII дел од УЗ Тунел	10 ha
УП за с.Отовица	10 ha
УП за с.Оризари	20 ha
УП за с. Караслари	10 ha
УП вон населено за Езеро Младост	10 ha
УП вон населено за КП 15415 КО Велес	5 ha
Урбанистички план вон населено место	50ha
Изменување на Генерален урбанистички план	300ha

III ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред изготвувањето на планот на изготвувачот на планот потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, а истовремено и планови кои непречено ќе се реализираат.

Цената на плановите се пресметува по хектар од испланирана површина, по договор со претпријатието регистрирано за изработка на урбанистички планови, избрано по пат на јавна набавка согласно Законот за јавни набавки.

* * *

Во текот на годината, во зависност од потребите оваа Програма може да претрпи измени и дополнувања.

* * *

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето и ќе се објави во Сл.Гласник на Општина Велес.

Број 07-4957/4
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

297.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/5
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/5
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), член 7, точка 3 од Законот за култура пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година ја донесе следната

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

-Обезбедување активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Велес;

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Велес;

-Презентирање и афирмирање на творци и интерпретатори од областа на културата.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Велес;

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници ид Република Македонија и странство во Општина Велес;

-Унапредување на меѓународната културна комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Велес;

-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници.

АКИВНОСТИ 2010

р.бр		РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА				ВКУПНО
				МИНИС-ТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА	СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ	ОПШТИНА ВЕЛЕС	ДР. ИЗВОРИ И ДОНАЦИИ	
	I.МАНИФЕСТАЦИИ							
1.	Празничен концерт –	Божиќ-стара Нова Година	Општина Велес			40.000		40.000
2.	Питијада –избор на пита мајстор за 2010 год.	14.02.2010	Општина Велес			30.000		30.000
3.	140 години од раѓањето на Јован Наумов Алабакот, трибина		Општина Велес, ИНИ, Филозофски факултет – катедра историја			40.000		40.000
4.	Денови на пролетта	20-22.03. 2010	Општина Велес, ЗГ од областа на заштитана ж.средина			20.000		20.000
5.	70 години од смртта на Димитрија Чуповски		Општина Велес, ОССУ „Димитрија Чуповски“			40.000		40.000
6.	110 години од раѓањето на Ганчо Хаџи Панзов		Општина Велес, ИНИ, Филозофски факултет – катедра историја			40.000		40.000
7.	105 години од раѓањето и 30 години од смртта на Бане Андреев Ронката		Општина Велес и ОО на СЗБ од НОВ			40.000		40.000

8.	Априлијада	1.04.2010	Општина Велес			10.000		10.000
9.	Меѓународен ден на танцот	април	Општина Велес			20.000		20.000
10.	Велигденско јајце	Велигден	Општина Велес			40.000		40.000
11.	Средби на Бошњаците од РМ	6.05.2010	Општина Велес			100.000		100.000
12.	Ден на Европа	9.5.2010	Општина Велес			20.000		20.000
13.	Матурска парада	16.05.2010	Општина Велес			80.000		80.000
14.	Денот на македонските просветители Св Кирил и Методиј	22.05.2010	Општина Велес и сите училишта			70.000		70.000
15.	Ден на културата во Република Македонија	10.06.2010	Општина Велес	30.000				30.000
16.	Завршна манифестација – Детска градинка	10.06.2010	Детска градинка			10.000		10.000
17.	47 Рацинови Средби	јуини 2010	Организ. одбор Општина Велес	300.000		400.000		700.000
18.	VII Меѓународен фолклорен фестивал	јули 2010	Организ. одбор Општина Велес	200.000		600.000		800.000
19.	Велешко културно лето - поп-рок концерт - смотри на стара градска песна -концерт на духовна музика -ретроспектива на македонското филмско творештво -промоција на млади автори (сликари, поети, музичари)	10 јуни – 8-ми септември 2010		200.000		200.000		400.000

20.	VI Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“	7-16.07. 2010	Општина Велес	100.000		500.000		600.000
21.	IX Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“	20.-30. 07. 2010	Организац одбор Општина Велес	1.000.000		1.000.000		2.000.000
22.	Концерт – Илинден	31.07.2010	Општина Велес			60.000		60.000
23.	Обележување на Св. Вмч. Пантејелмон – патрон заштитник на Велес	9.08.2010	Општина Велес Епархија Повардарска			50.000		50.000
24.	Скулпторска колонија	Септември 2010	Општина Велес	700.000		800.000		1.500.000
25.	Обележување на 8-ми Септември	8.09.2010	Општина Велес			120.000		120.000
26.	Недела на детето -зачленување на првачињата во Светската детска организација: -театарска претстава за деца	5-11.10. 2010	Општина Велес			40.000		40.000
27.	Обележување на 11 Октомври	10.10.2010				10.000		10.000
28.	Врачување на актерската награда за животно дело „Петре Прличко“	11.2010	Општина Велес Народен театар „ЈХК Џинот“ Здружение на актери „Џинот“			45.000		45.000
29.	Обележување на 9-ти Ноември	6-10.11. 2010	Општина Велес			200.000		200.000
30.	43 Детски Рацинови средби	13-14.11. 2010	Општина Велес			100.000		100.000
31.	Ликовна работилница „Маца Овчарова“	3.12.2010	Општина Велес			10.000		10.000

32.	Ликовна работилница за деца со посебни потреби	3.12.2010	Општина Велес			10.000		10.000
33.	Ликовна изложба – Гимназија „Кочо Рацин“	декември	Општина Велес			10.000		10.000
34.	Организирање на 2 саема на книгата	јуни-декември. 2010	Матична библиот. „Гоце Делчев“			30.000		30.000
35.	Поддршка на ЗГ од областа на културата: - КУД и фолклорни ансамбли - Балетски студија - хор - ЛК „Кочо Рацин“ - ДЛУВ и сл.	По утврд. Приоритет	Општина Велес			120.000		120.000
36.	Негување на културата, традицијата и обичаите на заедниците	По утврд. Приоритет	Општина Велес			60.000		60.000
37.	Денови на Кемал Ататурк		ЗГТ „Бирлик“			50.000		50.000
38.	Обележување на Меѓународен ден на Ромите					20.000		20.000
39.	Поддршка на проекти од областа на културата во Декада на Ромите					100.000		100.000
40.	Јубилеи на реномирани автори	По потреба	Општина Велес			40.000		40.000
41.	Презентација на велешката култура во Република Македонија и странство		Општина Велес			120.000		120.000

42.	Учество во проекти со користење средства од фондовите на ЕУ (партнерски проекти со градови од земји членки на ЕУ)		Општина Велес			500.000		500.000
43.	Изложби на домашни и странски уметници по утврдена програма		Општина Велес, Народен музеј			40.000		40.000
44.	Промоции на книги		Општина Велес Градска библиотека Клуб „Кочо Рацин“			40.000		40.000
45.	Обележување на значајни настани и личности	по програма	Општина Велес			60.000		60.000
46.	Обележување на Нова Година - Новогодишна свеченост - доделување награди за најуспешна новогодишна илуминација на правни и физички лица - новогодишна претстава за деца	30 -12.2009	Општина Велес .			400.000		400.000
47.	Непредвидени манифестации		Општина Велес			50.000		50.000
	вкупно			**2.530.000**		**6.385.000**		**8.915.000**
	II. ПОДДРШКА НА КУЛТУРАТА							
	1. ИНВЕСТИЦИИ							
1.	Опремување на спомен-соби во куќата на Џинот - Џинот - Гемиџиите					150.000		150.000
2.	Трајна поставка на дела сопственост на Тихомир Кондев					100.000		100.000

3,	Уредување на атељеа во спомен-куќата на Васил Главинов					100.000		100.000
4.	Изработка на скулптури во паркови површини					100.000		100.000
5.	Покривање на амфитеатар во Младински парк					0		0
6.	Уредување и набавка на опрема во библиотеката - ставање во функција на игротеката					200.000		200.000
	Вкупно					**650.000**		**650.000**
	2.ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ УСТАНОВИ							
1.	Комунални трошоци во Ликовен салон и спомен-куќи					100.000		100.000
2.	Делегирање надлежности од областа на културата					150.000		150.000
	вкупно					**250.000**		**250.000**
	III Трансфер на средства							
1.	Блок- дотација култура			/				/
2.	Приходи од самофинансирање култура				1.650.000			1.650.000
	вкупно			**/**	**1.650.000**			**1.650.000**

	IV ДРУГИ РАСХОДИ							
1.	Персонален данок					200.000		200.000
2.	Репрезентација за културни манифестации					200.000		200.000
3.	Други договорни услуги					300.000		300.000
4.	Непредвидени трошоци					150.000		150.000
	вкупно					**850.000**		**850.000**
	Се вкупно:			**2.530.000**	**1.650.000**	**8.135.000**		**12.315..000**

ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Велес предвидени за 2010 година, средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

-Министрерството за култура на Република Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба Програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

V.МАНИФЕСТАЦИИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 9-ти Ноември, Денот на Општина Велес се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Велес и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот.

На свечена седница се доделуваат посебни награди и признанија:

-Награда за животно дело „Гемиџии“,

-9-то ноемвриски признанија,

-Награда за најстудент „прф.д-р Ѓорги Шоптрајанов“,

-Прогласување на почесен граѓанин на Општина Велес.

Горе наведените признанија се доделуваат од Општина Велес по утврдени критериуми, а се финансираат од посебна ставка на Буџетот на Општина Велес.

VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-почесно покровителство на градот Велес,

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадар и опрема со која располага општината,

-Обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделни манифестации,

-Организирање протоколарни и промотивни средби на претставници на градот при одржување манифестации и реализирање на проекти од областа на културата.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/5
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

298.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/6
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/6
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;

-Планирање на развојот на образованието

-Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;

- Создавање услови за развој на високото образование.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на третата фаза од Новиот концепт за развој на образованието;

-Создавање услови за отворање на нови високообразовни институции;

-Техничка и стручна помош при изработка на Стратегија за развој на образованието.

Р.бр	I АКТИВНОСТИ	РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА				ВКУПНО
				МОН	Опш.Велес	Донација	Сопс.приходи	
1.	Недела на млади велешки уметници	25-29 мај	Сите основни и средни училишта		18.000			18.000
2.	Манифестација по повод завршувањето на школската година	Јуни 2010	Сите основни училишта					
3.	Манифестација по повод започнувањето на школската година	Септември 2010	Сите основни и средни училишта					
4.	Организирана посета на Народен музеј и спомен куќите во Велес	По утврден распоред	Сите основни и средни училишта					
5.	Прогласување на најдобар наставник во основното образование	24 мај 2010 „Св. Кирил и Методиј“	Општина Велес, Биро за развој на образованието Здружение на просветни работници		20.000			20.000
6.	Прогласување на најдобар наставник во средното образование	24 мај 2010 „Св. Кирил и Методиј“	Општина Велес, Биро за развој на образ. здружение на просветни работници		20.000			20.000
7.	Поддршка на талентирани ученици за учество на меѓународни натпревари	По потреба	Општина Велес		60.000			60.000
8.	Обука на наставници од одделенска настава за работа со деца со пречки во развојот		Општина Велес		100.000			100.000
9.	Обука на вработените во образование за подготвување на проекти		Општина Велес		100.000			100.000
10.	Образовно рандеву		Општина Велес Општински средни стручни		60.000			60.000

11.	Непредвидени трошоци		Општина Велес		2.000			2.000
	Вкупно:				**380.000**			**380.000**
р.бр.	**II ИНВЕСТИЦИИ**							
1.	Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи и набавка на опрема во основни и средни училишта и во ученичкиот дом	По утврден приоритет			1.500.000			1.500.000
2.	Реконструкција на спортски објекти во основни и средни училишта	По утврден приоритет			1.000.000			1.000.000
3.	Изградба и реконструкција на отворени спортски терени и партерно уредување на дворни места во ООУ, ОСУ и ученички дом				500.000			500.000
4.	Енергетска ефикасност				200.000			200.000
5.	Партнерско учество во проекти од Декада на ромите	По потреба			60.000			60.000
6.	Учество на општината во непредвидени проекти	По потреба			250.000			250.000
	Вкупно:				**3.510.000**			**3.510.000**
	III.ТЕКОВНИ РАБОТИ							
1.	Осигурување на училишни објекти				1.000.000			1.000.000
2.	Обезбедување на училишните објекти				1.000.000			1.000.000
3.	Санитарни прегледи на вработените во образование				500.000			500.000
4.	Здравствени прегледи(на 3 години) на 1/3 од вработените во образование				800.000			800.000
6.	Непредвидени трошоци				200.000			200.000
	Вкупно:				**3.500.000**			**3.500.000**

	IV ТРАНСФЕР НА СРЕДСТВА							
1.	Блок дотација – основно образование			/				
2.	Блок дотација – средно образование			/				
3.	Приходи од самофинансирање – основно образование						17.829.000	17.829.000
4.	Приходи од самофинансирање – средно образование						15.422.000	15.422.000
	вкупно:			**/**			**33.251.000**	**33.251.000**
	СЕ ВКУПНО:			**/**	**7.390.000**		**33.251.000**	**40.641.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа програма ќе се финансираат од средства на Министерството за образвание и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Велес за 2010 година.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори – заинтересирани партнери, фондации, бизнис секторот и сл.

IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;

-изработување стратегија за развој и унапредување на образованието;

-реализирање на третата фаза на Новиот концептот за образование на Општина Велес;

-создавање услови за отворање повеќе високообразовни институции.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/6
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

299.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/7
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалениот Економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалениот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/7
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Оштина Велес („Сл. Гласник на Општина Велес бр. 12/06), Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2010 година

Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој и развојот (ЛЕР)на информатичката технологија, во текот на 2010 година ќе бидат насочени кон три цели.

-Првата, ја третира проблематиката на енергетската ефикасност. Огроммните трошоци за енергија во субјектите кои се формирани и управувани од страна на општината и големите можности за заштеди се главниот мотив за поставување на оваа цел.

-Втората е насочена кон доизградба на инфраструкурата на Езеро Младост, односно кон континуирано подобрување на условите за развој на туризмот и привлкување на инвестиции.

-Во делот на информатичката технологија, главно внимание е посветено на подобрувањето на работата на Советот на Општина Велес. Оваа трета, но не помалку значајна цел, ќе ја интергрира работата на Советот - во единствен информатички систем со Градоначалникот и општинската администрација.

Проектни активности

Генерално, проектите на Општина Велес во областа на ЛЕР и ИТ ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, нејзин организациски развој и зајакнување на капацитетите и ќе обезбедат подобри услуги кон граѓаните, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети.

Предвидените проекти, генерално можат да се групираат во:

Г10) Подршка на локалниот економски развој

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Подршка на центарот за регионален развој на Вардарскиот плански регион	550.000
2.	Подготовка на елаборат за вградување на економични светилки во внатрешноста на училиштата (пилот проект за едно училиште – се предлага да биде Васил Главинов, како најголемо по обем на потрошена енергија)	200.000
3.	Изработка на основен проект за замена на котел за топловодно греење во ООУ Кирил и Методиј	150.000
4.	Изработка на основен проект за изградба на термичка фасада во ООУ Кирил и Методиј	150.000
5.	Подготовка на елаборат за замена на столарија во ООУ Благој Кирков и ЈХК Џинот	150.000
6.	Подготовка на елаборат за поставување на соларни колектори во музичко училиште Киро Димов	60.000
7.	Подготовка на студија за утврдување на можностите за користење на алтернативни извори на енергија	150.000
8.	Подготовка на елаборат за имплементација на мерки за подобрување на енергетската ефикасност на Детската градинка Димче Мирчев (сите клонови)	300.000
	ВКУПНО:	**1.710.000**

Г20) Поттикнување на развојот на туризмот

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Отварање на туристичко информативно биро	600.000
2.	Настап на саемски манифестации	600.000
3.	Подготовка и печатење на рекламен материјал	500.000
4.	Други непланирани промотивни активности	250.000
	ВКУПНО:	**1.950.000**

ГА) Изградба на комерцијални објекти

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Замена на инсталации за топловодно греење и котел во котлара во ООУ Кирил и Методиј	1.200.000
2.	Промена на столарија во ООУ Благој Кирков и ООУ ЈХК Џинот	600.000
3.	Поставување на соларни колектори во музичко училиште Киро Димов	250.000
4.	Доизградба на инфраструктура на Езеро Младост	3.000.000
5.	Изградба на водоводна инфраструктура во индустриска зона Речани 2.	500.000
	ВКУПНО:	**5.550.000**

Информатичка технологија

Р.бр.	Проект	Предвидени средства (мкд)
1.	Имплементација на Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци	700.000
2.	Имплементација на WEB сервер	360.000
3.	Поддршка на општинскиот образовен портал	300.000
4.	Имплементација на сервис за проверка на состојбата на даночните обврзници	100.000
5.	Развој и имплементација на интегрирано решение за електронско одвивање на седниците на совет	860.000
6.	Развој и импламентација на интегрирано решение за работата на општинската администрација	600.000
7.	Трошоци за одржување на апликации од трети лица и хостирање (sonet / marnet / edusoft / mbs / euronetcom …)	194.000
8.	Поддршка на државниот натпреавр по информатика	30.000
9.	Набавка на хардвер, софтвер и лиценци	1.430.000
10.	Тековно одржување на хардвер и софтвер	150.000
11.	Специјалистички обуки	300.000
	ВКУПНО:	**5.024.000**

Финансирање

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 14.234.000 ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2010 година.

Распоредување на буџетските средства Активностите од оваа Програма се финансираат од Буџетот на општината.

Завршни одредби

Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/7
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

300.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/8
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/8
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ “ бр. 5/02) , член 5 од Законот за пожарникарство („Сл. весник на РМ“ бр. 67/04) член 2 од Законот за управување со кризи („Сл. весник на РМ“ бр.29/05 и член 4, став 2 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ“ бр.36/04) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06), Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 16.11.2009година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2010 година

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи кои претставуваат активности од јавен интерес. Според законските одредби, Општина Велес во 2010 година овие активности ќе ги остварува преку:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување,

-просторните специјализирани сили за заштита и спасување ,

-Комисијата за процена на штета од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Велес,

-Територијалната противпожарна единица која ќе дејствува на територијата на Општина Велес, а ќе ги покрива и подрачјата на соседните општини Чашка и Градско, кои не формираат сопствена противпожарна единица.

I. Цели:

-заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, пожари во населени места, во шуми, отворени простори, поплави, сообраќајни несреќи и др;

-заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир и вонредна состојба;

-создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата на луѓето и материјалните добра;

-обезбедување на навремено истакнување на опасноста, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на пожари и други видови непогоди;

-обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување, справување со кризи и противпожарната заштита

II. Активности:

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Општината и Советот ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби во доменот на противпожарната заштита и спасувањето., како и заштитата и спасувањето во услови на разни видови непогоди, кризни појави и други несреќи во мир.

Во оваа насока, активностите претежно ќе бидат насочени кон обезбедување на услови за квалитетна, навремена и во законски рамки реализирана активност. Општина Велес преку оваа Програма за 2010 година во рамките на своите материјални можности ќе обезбеди средства потребни за квалитетна и технички стручно подготвена единица за противпожарна заштита, која ќе може брзо и ефикасно да дејствува на целото подрачје на Општина Велес и другите општини .

III. Финансирање

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето, справувањето со кризни состојби и дејствувањето на Територијалната противпожарна единица, утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

-Средства од Буџетот на РМ;

-Средства од буџетот на Општина Велес;

-Наплатени премии од осигурување на имот од пожари;

-Наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила;

-Средства од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии;

-Доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, наменети за унапредување на заштитата од пожари;

- Приходи од сопствени извори за извршени услуги од страна на Територијалната противпожарна единица и
- Приходи од други општини

IV. Распоредување на финансиските средства:

А) Противпожарна заштита

	Приходи	
1.	Наменска дотација	Нема податоци
2.	Наплатени премии од каско осигурување	2.000.000
3.	Буџет на Општина Велес	560.000
4.	Приходи од сопствени извори на ТППЕ	30.000
5.	Приходи од други општини	310.000
6.	Вкупно:1	Нема податоци
7.	Вкупно: 2-5	2.900.000
8.	Вкупно: 1-5	/

Расходи:
А) Противпожарна заштита

1.	Плати,наемнини и надоместоци за за вработените	Нема податоци
2.	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.150.000
3.	Поправки и тековно одржување на возила	400.000
4.	Набавка на гуми и резервни делови за ПП возила	200.000
5.	Набавка на техничка и заштитна опрема	30.000
6.	Регистрација на возила	90.000
7.	Набавка на ПП униформа	150.000
8.	За Обука- договорни услуги	30.000
9.	Репрезентација	30.000
10.	Лекарски прегледи на пожарникарите	60.000
11.	Проектни активности	140.000
12.	Реконструкција и санација на ПП згради	300.000

13.	Надомест за материјални трошоци и дневници за правни и физички лица-учесници во акции за гасење на пожар и други видови непогоди и несреќи	100.000
14.	Општински противпожарен сојуз	20.000
14.	Вкупно: 1	/
15.	Вкупно: 2- 14	2.700.000
16.	Вкупно: 1- 14	/

Б) Заштита и спасување

	Расходи:	
1.	Трансфер на средства	40.000
2.	Набавка на опрема и средства	60.000
3.	Вкупно:	100.000

В) Управување со кризи

	Расходи:	
1.	Трансфер на средства	60.000
2	Набавка на опрема и средства	40.000
3.	Вкупно:	100.000

Вкупно расходи: А, Б + В = 2.900.000 од Буџетот на Општина Велес (нема податоци за наменските дотации)

V. Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ

Активностите на Територијалната противпожарна единица-Велес, кои ги надминуваат границите на територијата на Општина Велес, освен со финансиски средства, Советот на Општината и Градоначалникот ќе ги помагаат и стимулираат и со:

-одбележување на Денот на пожарникарите;

-прогласување на најистакнат пожарникар во извршувањето на работните обврски при гаснењето на пожари;

-учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ по разни поводи и прослави

-поддршка и учество во проектни активности

Во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, државниот инспектор за заштита од пожари, инспекторот за заштита и спасување и другите надлежни органи и тела, органите и телата на Советот на Општина Велес ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренувањето на иницијативи, давање на мислења и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/8
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Оштина Велес
Славчо Чадиев с.р.

VI. Завршни одредби:

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

301.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/9
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/9
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на здравството и социјалната заштита;

-Изнаоѓање форми за згрижување на социјално ранливи групи;

-Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;

-Подобрување на стандардот на граѓаните;

-Создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст;

-Осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови и услуги за инклузија на лица со посебни потреби.

II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Помош на социјално загрозени семејства;

-Помош на социјално маргинализирани групи;

-Создавање услови за згрижување на семејно запуштени деца и деца од улица;

-Помош за семејства погодени од несреќа и елементарни непогоди;

-Промовирање на родовата рамноправност;

-Реализација на активности по стратешки документи.

р.бр.	I АКТИВНОСТИ	РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА				ВКУПНО
				МТСП	Општина Велес	Дона-ција	Сопствени приходи	
I	**СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА НА ЗАЕДНИЦАТА**							
1.	Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства		Општина Велес		500.000			500.000
2.	Набавка на социјални пакети	по потреба	Општина Велес		50.000			50.000
3.	Поддршка на лица жртви на семејно насилство	12 мес.	Општина Велес		80.000	/		80. 000
4.	Декада на Роми		Општина Велес		60.000			60.000
	Вкупно				**690.000**			**690.000**
II	**ОПШТИНА ПО МЕРКА НА ДЕТЕТО**							
1.	Општина по мерка на детето - поддршка на проектни активности		Општина Велес		30.000			30.000
2.	Рехабилитација на деца		Општина Велес ЗРГЗП		60.000			60.000
3.	Набавка на училишен прибор за деца без родители од Општина Велес	септември	Општина Велес		40.000			40.000
4.	Новогодишни подароци за деца без родители и родителска грижа и деца со посебни потреби	декември	Општина Велес		50.000			50.000
	Вкупно				**180.000**			**180.000**

III	**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**							
1.	**Активности по АГЕНДА 22** -Работилници -Трибини -Тркалезни маси -Организиран превоз за потреби на ранливи групи -Аудио изданија -Видео изданија - Печатење и промоции на едукативени изданија				200.000			200.000
2.	Превенција на туберкулоза во Општина Велес				20.000			20.000
3.	Превенција од болести на зависности				50.000			50.000
	Вкупно				**270.000**			**270.000**
IV	**МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА**							
1.	**Учество во партнерски проекти** - Образовани институции -Центар за социјална работа - СВР-Велес Одделение за превенција - Институт за јавно здравје	по потреба			50.000			50.000
2.	**Поддршка на проектни активности на Здруженија на граѓани** - од областа на социјална заштита - од областа на здравствена заштита				30.000			30.000

3.	**Организирање обуки и печатење на промотивен материјал** за превенција и надминување на социјалните проблеми во заедницата	по потреба			80.000			80.000
	Вкупно				**160.000**			**160.000**
VI	**РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ**							
1.	Промовирање на родовата рамноправност	12 мес.			50.000	60.000		110.000
2.	Регионална соработка родова рамноправност	12 мес.			20.000			20.000
3.	Поддршка на проектни активности	по потреба			30.000			30.000
	Вкупно				**100.000**	**60.000**		**160.000**
VII	**МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА**							
1.	Поддршка на иновативни форми за социјална и здравствена заштита	по потреба			100.000			100.000
	Вкупно:				**100.000**			100.000

VIII	**НЕПРЕДВИДЕНИ ТРОШОЦИ**							
	Непредвидени трошоци				60.000			60.000
	Вкупно				**60.000**			**60.000**
	II.Поддршка на социјалната заштита							
	1. Инвестиции							
1.	Уредување на дворни места во ОЈУГД „Димче Мирчев“				100.000			100.000
	Вкупно				**100.000**			**100.000**
	2. Тековни трошоци							
1	Одржливост на S.O.S линија				200.000			200.000
2.	Осигурување на објектите				60.000			60.000
	Вкупно				**260.000**			**260.000**
	3. Трансфер на средства							
1.	Блок-дотации Детска градинка			/				
2.	Приходи од самофинансирање-Детска градинка						15.000.000	15.000.000
	Вкупно			**/**			**15.000.000**	**15.000.000**
	СЕВКУПНО				**1.920.000**	**60.000**	**15.000.000**	**16.980.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на здравството и социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Министерството за труд и социјална политика и Буџетот на Општина Велес предвидени за 2010 година.

При реализацијата на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани при реализирањето на проектите од социјалната сфера за обезбедување на финансиски средства и друга помош од:

-Министрерството за труд и социјална политика на Република Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА

Содржините предвидени во оваа програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на општината.

V.АКТИВНОСТИ ПОДДРЖУВАНИ СО ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Во Општина Велес делуваат бројни здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација и инклузија на социјално запуштени лица, стари и изнемоштени лица, маргинализирани групи и зависници од дроги и други наркотици. Општината Велес ќе ги поддржи нивните напори за отворање дневни центри за згрижување и социјализација и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Велес се:

-обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната и здравствената заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Велес.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/9
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

302.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/10
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/10
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 год.,донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година се:

1.Грижата за младите и соработка со НВО секторот, во согласност со можностите.

2. Создавање услови за реализирање на активности на граѓаните и здруженијата на граѓани.

3.Афирмација на Општина Велес како општина со развиена мрежа на НВО кои остваруваат соработка со НВО.

II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон:

-сочувување на континуитетот на соработката со граѓанскиот сектор,

-обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани,

- давање поддршка на проекти кои се од поширок општествен интерес и задоволуваат потреби на поголема група граѓани

-воспоставување подеднаква соработка со здруженијата на граѓани од различни интересни групи на делување,

-го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

Во областа на поддршката на НВО секторот активностите на Општина Велес ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

	VI. ПОДДРШКА НА НВО					
1.	Учество во реализација на проекти со здруженија на граѓани (по доставени барања за проектни активности)		Општина Велес	300.000		300.000
2.	Поддршка на програмски активности на ЗГ			50.000		50.000
3.	Учество во партнерски проекти со здруженија на граѓани		Општина Велес	100.000		100.000
4.	Комунални трошоци во домот на НВО		Општина Велес	140.000		140.000
5.	Изготвување на Стратегија за соработка на Општина Велес со граѓанскиот сектор		Општина Велес	40.000		40.000
6.	Непредвидени трошоци		Општина Велес	100.000		100.000
	Вкупно:			**730.000**		**730.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Велес од спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2010 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Велес активностите на здруженијата на граѓани ќе ги помага и со:

- покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.
-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,
- организирање кампањи
- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

Доколку Буџетот на Општината за 2010 година не се реализира во целост и средствата определени во оваа програма ќе се реализираат во истиот процент.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и контролата се одвиваат преку Советот на Општина Велес и Комисијата за општествени дејности, а следењето на активностите на оваа Програма ќе се одвива преку Оддлението за образование, култура, здравство, социјална заштита и соработка со здруженија на граѓани и фондации во Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/10
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

303.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/11
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/11
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спорт, млади во 2010 година се:

1.Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

2.Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот

3.Афирмација на Општина Велес како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа.

4.Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

II. АКТИВНОСТИ

При креирањето на Програмата Општина Велес го имаше предвид и предлогот на Сојуз на спортови Велес за поддршка на активности во 2010 година согласно член 22а од Законот за спортот(„ Сл. весник на РМ“ бр. 29/02 и 66/04).
За реализирање на целите на оваа Програма Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа.

р.бр		РОК	НОСИТЕЛ	ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ОПШТИНА ДР ВЕЛЕС ИЗВОРИ		ВКУПНО
	I.СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ					
1.	Турнир во мал фудбал –с. Оризари	6 мај	Општина Велес Сојуз на спортови	20.000		20.000
2.	Турнир во мал фудбал во с. Мамутчево	11-12 јуни	Општина Велес Сојуз на спортови	10.000		10.000
3.	X турнир во мал фудбал „Тунел 2010“	10- 30 јули	Општина Велес Сојуз на спортови	150.000		150.000
4.	Атлетска трка „Илинден 2010“	30 јули	АК „Изгрев“	10.000		10.000
5.	Турнир во фудбал – „Превалец 2010“ за пионери	август	Општина Велес ФК „Превалец“	25.000		25.000
6.	Турнир во мал фудбал за пионери – спортски терени Дворови	15-30 август	Општина Велес Сојуз на спортови	50.000		50.000
7.	Турнир во борење на пеливани –с. Бузалково	08 септември	Општина Велес Сојуз на спортови ПК „Пеливан“	50.000		50.000
8.	Меѓународен куп во спортски риболов на пливка	септември	ЗСР „Бабуна“	40.000		40.000
9.	Кајак слалом „Илинден2010“	август	Кајакарски клубови	20.000		20.000
10.	Новогодишен-божиќен турнир за кадети	Декември-јануари	ОФС, Фудбалска школа Велес	40.000		40.000
11.	Приказ на стари спортови – Мала спортска олимпијада	Мај-септември	ПК „Пеливан“	20.000		20.000
12.	Меѓународен куп во крапски риболов	септември	СРД „Металург“	30.000		30.000
13.	„Да трчаме здраво е“	7 април – Ден на здравството	ДРГЗП,	10.000		10.000

14.	Спортска манифестација во боречки вештини	ноември	КК „Велес“	30.000		30.000
15.	Сите на велосипед	март	МВК „Велес“ ЕД „Вила Зора“	10.000		10.000
16.	Избор на најдобар спортист и спортска екипа за 2010 година	**Последната недела во декември**	Сојуз на спортови и спортски известувачи	50.000		50.000
17.	Вардарска регата „Гемиции“	**јуни-јули**	КК клубови, извиднички одред Д.Влахов и ОО на Црвениот крст	100.000		100.000
19.	Меѓународен АИКИДО семинар	**септември**	ЦБВ „Бушидо“	20.000		10.000
20.	Меморијален турнир „Ѓорѓи Гајдов“		Ракометен клуб „Борец“	30.000		30.000
21.	Меморијален турнир „Тони Виларов“		Кошаркаршки клубови	30.000		30.000
22.	Меморијален турнир „Елвира Зафирова“		Одбојкарски клуб	30.000		30.000
23.	Меморијален турнир „Зоран Паунов“		ФК „Борец“	30.000		30.000
24.	Турнир во голем фудбал за кадети		Фудбалски клуб „Гемиции“	20.000		20.000
25.	Отворени забавни фудбалски школи		СУС	70.000		70.000
26.	Турнир во мал фудбал „Велес 2010“	**јуни**	КМФ „Гемиции 1903“ и МЗ „Димче Мирчев“	60.000		60.000
	Вкупно:			**955.000**		**955.000**
	II. ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ					
1.	Сојуз на училишен спорт – учество на државни првенства (ако остварат пласман)	По утврден календар	Сојуз на училишен спорт – Велес	50.000		50.000
2.	Сојуз за спортска рекреација на инвалидизирани лица – учество на државно првенство	По утврден календар	ССРИЛ	40.000		40.000
3.	Општински фудбалски сојуз - Лига систем натпревари во голем фудбал за пионери	По утврден календар	ОФС	40.000		40.000

5.	Општински фудбалски сојуз -Финале Куп за сениори	По утврден календар	ОФС	10.000		10.000
6.	Општински фудбалски сојуз - Турнир на ветерани во фудбал	8-ми Септември	ОФС	20.000		20.000
7.	Сојуз на спортови - Републички-велигденски атлетски крос во Скопје	Велигден	Сојуз на спортови	20.000		20.000
8.	Сојуз на училишен спорт – Лига систем на натпреварување за основно и средно образование. Натпревари во кошарка, ракомет, одбојка и футсал – машка и женска конкуренција	По утврден календар	СУС	105.000		105.000
	Вкупно:			**285.000**		**285.000**
	III. МАСОВНА ФИЗИЧКА КУЛТУРА					
1.	Реализација на градски првенства во: - карате - спортски риболов, - велосипедизам, - тенис - одбојка на песок - стрит бол	тековно	Општина Велес	150.000		150.000
2.	Спортски ден – активност за сите граѓани	мај	Оптина Велес СУС,ЗСП и спортски клубови	70.000		70.000
	Вкупно:			**220.000**		**220.000**
	IV.ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ					
1.	**Поддршка на квалитетен спорт – надоместок за одржување на трензи и натпревари**		Општина Велес	2.000.000		2.000.000

2.	**Поддршка на кадетски и пионерски спортски екипи - надоместок за одржување на трензи и натпревари**		Општина Велес	150.000		150.000
3.	**Поддршка на квалитетни велешки спортисти за учество на меѓународни и светски првенства и олимписки игри**	По доставени барања	Општина Велес	150.000		150.000
	Вкупно:			**2.300.000**		**2.300.000**
	V.ИНВЕСТИЦИИ					
1.	Поставување опрема на отворени спортски терени		Општина Велес	50.000		50.000
2.	Набавка на спортска опрема и реквизити		Општина Велес	150.000		150.000
3.	Одржување на отворени спортски терени		Општина Велес	150.000		150.000
4.	Одржување на новоизграденото фудбалско игралиште			300.000		300.000
5.	Реконструкција на Спортска сала		Општина Велес	370.000		370.000
6.	Одржување на Градски стадион			270.000		270.000
7.	Одржување на тениски игралишта			300.000		300.000
8.	Изградба на спортски терени на Езеро Младост		донација			
9.	Набавка на семафор за мали спортови		Општина Велес	150.000		150.000
10.	Непредвидени трошоци		Општина Велес	50.000		50.000
	Вкупно:			**1.790.000**		**1.790.000**
	СЕ ВКУПНО:			**5.550.000**		**5.550.000**

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Прогама е од Буџетот на Општина Велес, од соодветни спортски сојузи во државата, од Агенцијата за спорт и млади, спонзорства и донации.

За активности од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2010 година, ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Велес спортските манифестации ќе ги помага и со:

- почесно покровителство;
- доделување награди и признанија,
- обезбедување стручна, техничка и други видови помош,
- учество на промотивни и протоколарни средби.

Општината на младите ќе им помага преку:

-организирање трибини, форуми, дебати и сл. на теми што се од нивен интерес,

- организирање кампањи за потенцирање на здравиот начин на живот;

- организирање анкети за да се утврди нивниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Практичната реализација и следењето на активностите на оваа Програма во делот на спортот ќе се одвива преку Сојузот на спортови од Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/11
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

304.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/12
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/12
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

ПРОГРАМА
за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

1.1.ОСНОВА

Програмските активности од областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста што Општина Велес за првпат ги имплементираше во 2007 година, ја потврдија потребата од постојан развој и усовршување на капацитетите во овие процеси на поддршка на носечките активности на општината.

Етичките принципи на транспарентност, отчетност, отвореност и одговорност пред граѓаните-корисници на услугите во голема мера се инкорпорирани во самиот концепт на комуникација со јавноста.

Врз основа на досега стекнатите искуства во имплементацијата на оваа програма, се отвориј можности за реално идентификување на потенцијалните точки на подобрување и во смисол на технички и во смисол на човечки капацитети.

Поддршката што конкретни активности на програмата ја добија од МЦМС и во 2008-та и во 2009 година, покажува дека програмата овозможува креирање на партнерства со потенцијални домашни и странски донатори кои се реално остварливи.

Досегашната реализација ја наметна и потребата од конкретизирање на активностите преку примена на методот на тимско планирање затоа што комуникацијата со јавноста е неопходна за сите области на надлежност на локалната самоуправа.

Практиките на Општина Велес за комуникација со јавноста беа посочени како позитивен пример кој наиде на интерес за дисеминација во голем број општини. Од друга страна отвори можности за развој на оваа релативно нова област во Република Македонија.

Комплексноста на односите со јавноста како концепт од една страна ја наметнува потребата од добро познавање на целните групи, а од друга страна изнаоѓање на методологии чија примена не само што ќе ги оправда вложените средства туку и ќе прерасне во генератор на нови активности за зајакнување на транспарентноста.

Не случајно во Годишната програма за обука на администрацијата за 2010 година, комуникацијата со јавноста е ставена меѓу приоритетите за сите вработени. Сервисната ориентација на општината како примарен принцип на професионалната работа треба и во практичен смисол да потврди дека општината постои и работи заради граѓаните-корисници на услугите.

Креирањето на Граѓанскиот информатор на услуги како дел од оваа програма за 2009 година, потврди дека практичната реализација на програмата е реално остварлива дури и во случај на покомплесни проектни активности кои бараат ангажман од сите сфери на администрацијата.

Во 2010 година дијапазонот на активности во програмата ќе се однесува на поголем број целни групи во однос на минатите години.

Така, покрај:

-Граѓаните корисници на услугите

-Медиумите и

-Здруженијата на граѓани (НВО секторот)

Во 2010 година Програмата ќе биде насочена и кон следниве значајни целни групи:

-Бизнис секторот (Потенцијални домашни и странски инвеститори) и

-Граѓаните даночни обврзници

И во 2010 година останува практиката на континуирано зајакнување на комуникацијата со голем број други целни групи меѓу кои:

-Месни и урбани заедници каде капацитетите за комуникација се

Зајакнати со уште две истурени канцеларии во Бузалково и Иванковци.

-Домашни и меѓународни организации и фондации

-Експерти и претставници на ЕУ

-Национални и локални институции и др.

Во контекст на континуираните активности на Градоначалникот и Советот на Општината и во 2010 година продолжува практиката на организација на прес конференции, брифинзи и изјави за прашања од значење за комуникацијата со граѓаните на подрачјето на општината.

Во контекст на отчетноста, овие востановени практики се зајакнуваат со специјализирани телевизиски и радио емисии посветени на работата на општината.

1.1. ОПРАВДАНОСТ

1.1.1.Приоритетни потреби:

-Улогата на општината и улогата на граѓаните во развојот на локалната заедница.

Покрај обезбедувањето на зголемување на степенот на информираност на граѓаните за услугите што ги испорачува општината како и за начинот на планирање и користење на буџетските средства, главна задача на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста во 2010 година ќе биде зајакнувањето на свеста на граѓаните и специфичните целни групи за нивната улога во развојот на општината.

Воведувањето на ISO 9001-2008 стандард за управување со квалитет гарантира зајакнување на капацитетите на планот на двонасочната комуникација и што е најважно континуирано следење на степенот на задоволство на граѓаните од добиените услуги. Генерално, досегашните анкети се основа за креирање на компонентите на оваа програма за 2010 година.

Екстерната ориентација на Програмата е усогласена и со принципите на Европската Унија и Одлуката на Европската Комисија за воспоставување на ефикасен и ефективен систем на двонасочна комуникација со јавноста. ((OLAF) EC, ECSC Decision 99/352).

1.1.ОРИЕНТАЦИЈА

Во 2010 година Програмата се базира на три клучни компоненти:

-Промоција (Афирмација) и
-Испитување на јавното мислење
-Поттикнување на активности

Во првата компонентасе овозможува брендирање на општината како центар на транзитниот туризам во Македонија и седиште на Вардарскиот регион преку реализација на активности за привлекување на домашни и странски инвестиции.

Втората компонента за прпат ќе овозможи запознавање на граѓаните со резултатите од јавното мислење по конкретни прашања.

Третата компонента има за цел да ги поттикне граѓаните да ги вложат своите лични способности, вештини и капацитети во развојот на Велес.

Генерално сите активности ќе бидат испреплетени со промоцијата на симболите, мотото, мисијата и визијата на општината.

1.4 Предложен пристап

Тимот за управување со квалитет (воспоставен преку проектот на УНДП за зајакнување на капацитетите за борба против корупцијата/ воведување на ISO 9001-2008 стандард за квалитет со свои сугестии и предлози учествуваше во подготовката на оваа нацрт верзија на програмата.

Тимот работи и на креативниот пристап во подготовката на конкретни активности од засегнатите области.

Со тимот за управување со квалитет раководи Градоначалникот, а во него работат раководните државни службеници од секторите и одделенијата.

За секоја кампања, пристапот се утврдува преку анализа на приоритетите, можностите, целните групи и ефектите што треба да се постигнат со кампањата.

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

2.1. Генерална цел:

Промоција на општината и зајакнување на комуникацијата со различни целни групи на граѓани и примена на принципот на поттикнување на граѓанското учество во развојот на локалната заедница.

2.1.1. Цели:

-Промоција на Велес како центар на транзитниот туризам
-Изработка на нова монографија за Велес;
-Подготовка и реализација на кампањи за информирање и вклучување на јавноста
-Испитување и анализа на степенот на задоволство на корисниците на услуги од услугите и јавно објавување на резултатите;

2.1.1.Целни групи

-Сите граѓани корисници на услуги
-Граѓани даночни обврзници
-Урбани и месни заедници
-Здруженија на граѓани
-Бизнис –сектор
-Медиуми
-Туристи и посетители
-Донатори
-Меѓународни организации
-Претставници на збратимени градови и градови пријатели на Велес

2.1.3 Активности

Промоцијата и комуникацијата со јавноста ќе ги опфатат следните активности:

-Подготовка на промотивен материјал / Нова Монографија за Велес
-Промоција на симболите на Општина Велес
-Подготовка и реализација на кампања за привлекување на домашни и странски инвеститори- Велес како центар на транзитниот туризам;
-Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци;
-Реализација на информативна кампања за отчет во финансиското работење на општината
-Рализација на кампања за заштита на архитектонското наследство
-Реализација на кампања за зајакнување на свеста на граѓаните за хигиената во градот
-Кампања за поттикнување на учеството на граѓаните во развојот на општината;

-Кампања за безбедност во сообраќајот;
-Кампања за јавна чистоата;
-Промоција на ISO 9001-2008 стандард за управување со квалитет.
-Подготовка на презентации за теми и настани значајни за развојот на општината
-Реализација на специјализирани тв и радио емисии за работата на општината;

2.1.4 Очекувани резултати

-Интензивирана промоција на општината како центар на транзитниот туризам
-Зајакната промоција на заштитниот знак и маскота
-Зголемена информираност на граѓаните
-Зајканато учество на граѓаните
-Зголемена отчетност на општината
-Зголемен број на инвеститори, туристи и посетители

Очекувани продукти

-Нова монографија за Велес
-Расположив промотивен материјал за Општина Велес како центар на транзитниот туризам во Република Македонија
-Расположиви брошури и флаери за услугите и активностите на општината
-Расположиви брошури за манифестации од меѓународно значење
-Подготвени и емитувани аудио и тв спотови
-Достапен промотивен материјал со маскота и заштитен знак на Велес

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Генерално организацијата на програмата ќе ги вклучи секторите и одделенијата во креирањето на идејни решенија за кампањите по области. Во кампањите во зависност од околностите ќе бидат вклучени претставници на различни целни групи. Градоначалникот и Советот на општината со свои предлози и решенија можат да придонесат во зајакнувањето на промоцијата и комуникацијата со јавноста.

4. ОДРЖЛИВОСТ

Досегашната имплементација на програмата покажа дека во контекст на одржливоста, креативниот пристап, расположивите човечки и технички ресурси како и флексибилноста овозможуваат континуирани активности за комуникација со јавноста и промоција на општината. И покрај фактот што за 2009 година беше предбвидена изработка на стратегија за комуникација со јавноста, воведувањето на ISO 9001-2008 стандардот за управување со квалитет ја утврди комуникацијата со јавноста како континуиран процес со воведени постапки и дополнителна документација.

Постојаниот развој и надградба на програмата со нови области на делување, базирани на спроведените испитувања на јавното мислење (како пилот-активности) одат во прилог на одржливоста на програмата.

БУЏЕТ

ОПИС	Вкупно	Општина Велес	Други извори донации
Подготовка на промотивен материјал Нова монографија за Велес	700.000	700.000	/
Промоција на симболите на Општина Велес(изработка на статуетки)	100.000	100.000	/
Подготовка и реализација на кампања за за привлекување на странски инвестиции- Велес, центар на транзитниот туризам (изработка на 10 билборди за коридорот 10/автопат Е-75 и други значајни сообраќајни правци, изработка на брошура и флаер на македонски и англиски јазик, изработка и емитување на тв и радио спот.	200.000	200.000	
Подготовка и реализација на кампања за наплата на даноци; (изработка на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот	50.000	50.000	/
Реализација на информативна кампања за отчет во работењето на општината (Годишен извештај за 2009)	156.000	36.000	120.000
Реализација на кампања за заштита на архитектонското наследство (изработка на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот	50.000	50.000	
Реализација на кампања за зајакнување на свеста на граѓаните за хигиената во градот *(изработка на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот)*	50.000	50.000	
Реализација на кампања за поттикнување на учеството на граѓаните во развојот на општината (изработка на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот)	50.000	50.000	
Реализација на кампања за безбедност во сообраќајот (изработка на флаер, изработка и емитување на тв и радио спот)	50.000	50.000	
Промоција на ISO 9001-2008 стандард за управување со квалитет (изработка на флаер, тв и аудио спот)	50.000	50.000	
Подготовка на презентации (аудио и видео) за теми и настани значајни за развојот на општината	50.000	50.000	
Подготовка на плакати и флаери за меѓународни културни настани	50.000	50.000	
Реализација на специјализирани тв и радио емисии за работата на општината (најмалку една емисија за секој квартал и една завршна емисија)	300.000	300.000	
Соопштенија за јавност	200.000	200.000	
Непредвидени трошоци	100.000	100.000	
Вкупно	**2.156.000**	**2.036.000**	**120.000**

Број 07-4957/12
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

305.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/13
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/13
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/22), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

ПРОГРАМА
За активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година

1. РАМКА НА ПРОГРАМАТА

1.1. ОСНОВА

Продлабочувањето на меѓународната соработка во процесот на европинтеграции се наметнува како еден од базичните принципи на развојот на локалната самоуправа и регионалниот развој. Развојот на Општина Велес во изминатиов период меѓу другото се должеше и на успешната меѓународна соработка со меѓународните организации и фондации со чија поддршка се реализирани голем број значајни проекти. Во 2009 година Општина Велес ја интензивираше соработката со збратимените и градовите пријатели Свиштов, Република Бугарија, Пула и Самобор, Република Хрватска, Слобозија, Република Романија, Ужице, Република Србија и воспостави соработка со градот Чан, Република Турција.

Во 2009 година се покренати иницијативи за збратимување со градот Бајон, Република Франција, Сомбор, Република Србија и започнати се разговори за соработка со општина Олесница од Република Полска, Општина Фрајберг, Република Германија и со општина Каен, од регионот Долна Нормандија, Република Франција.

Во октомври 2009 година, Општина Велес заедно со уште 20 партнери од 7 европски земји аплицираше пред Европската комисија со меѓународен проект во рамките на програмата „Граѓаните за Европа“. Меѓу партнерите во проектот е и збратимената општина Слобозија, Република Романија со која е започната и постапка за аплицирање на проект во рамките на ЕУ програмата „Култура 2007-2013“

Во контекст на регионалниот развој, приоритет и за 2010 година останува воспоставувањето на соработка со општина од Република Грција како земја со која Вардарскиот регион ќе работи во рамките на компонента 3 од ИПА. Како центар на Вардарскиот плански регион, општината е посветена и на зајакнувањето на соработката на регионално ниво.

Во 2009 година веќе се започнати разговори за соработка со регионите Долна Нормандија и Алзас, Република Франција.

Во рамките на заложбите за проширување и продлабочување на соработката, Општина Велес е во постојана комуникација со дипломатските претставништва во земјава како и меѓународните организации меѓу кои Делегацијата на Европската Комисија, УСАИД, УНДП, Швајцарската агенција за меѓународен развој и др.

Како седиште на Асоцијацијата на градови од Македонија со архитектонско наследство, Општина Велес има одлична соработка со Француската национална асоцијација на градови со историја и уметност и градови со заштитени зони и сектори. Во 2010 година ќе се работи на продлабочување на соработката преку реализација на конкретни проекти за заштита на архитектонското наследство во Велес.

1.1. ОПРАВДАНОСТ

1.1.1. Приоритетни потреби: Евроинтеграции

-Продлабочување на меѓународната соработка

Евроинтегративните процеси отвораат многу можности за соработка и поврзување на регионите на територијата на Европа и што е најзначајно за општините, соработка на ниво на локална самоуправа.

Фактот што Општина Велес е седиште на Вардарскиот регион оди во прилог на постоењето на програма за меѓународна соработка. Ова е особено значајно во процесот на воспоставување на комуникација со општините од Република Грција кои Европската Унија ќе ги определи како општини партнери за реализација на комплементарни и комплексни проекти во рамките на втората компонента на ИПА.

1.2.2 Предложен пристап

Во 2010 година меѓународната соработка ќе се насочи кон реализација на конкретни проекти со збратимените и градовите пријатели на Велес. Од особена важност е реализацијата на проекти во областа на:

-Поттикнувањето на учеството на граѓаните
-Културата
-Енергетската ефикасност
-Локалниот развој

2.ОПИС НА ПРОГРАМАТА

2.1. Генерална цел:

Продлабочување на меѓународната соработка и реализација на конкретни активности и проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

2.1.1. Цели:

-Продлабочување на соработката со збратимените градови и градовите пријатели на Велес;
-Реализација на заеднички активности и проекти;
-Зајакнување на капацитетите преку размена на искуства
-Можности за туристичка и економска презентација на Велес;
-Можности за проширување на меѓународната соработка на локално и регионално ниво

2.1.2. Целни групи

-Сите граѓани на Велес и граѓаните на збратимените градови и градовите пријатели на Велес;
-Градоначалниците, Советите на општините и менаџерските тимови во општините и градовите;
-Центарот за развој на Вардарскиот плански регион;
-Здруженија на граѓани;
-Бизнис –сектор;
-Медиуми
-Потенцијални инвеститори
-Меѓународни организации
-Туристи и посетители

2.1.3 Активности

Продлабочувањето на меѓународната соработка ќе ги опфати следните активности:

-Продлабочување на соработката со постојните збратимени градови и градови пријатели;
-Реализација на нови иницијативи за збратимување;
-Организиран престој на делегации во Велес;
-Организирани посети на претставници од Општина Велес на збратимените градови и градовите пријатели на Велес;
-Организирање на средби и утврдување на конкретни активности;
-Аплицирање и реализација на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси.
-Размена на искуства;

-Организирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации;

2.1.4 Очекувани резултати

-Интензивирана комуникација со збратимените градови и градовите пријатели на Велес со користење на можностите на глобалната Интернет мрежа;

-Реализиран организиран престој на делегации во Велес;

-Реализирани организирани посети на Градоначалникот, членовите на Советот на Општината и претставници на општинската администрација во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;

-Реализирани средби и утврдени конкретни активности;

-Поднесени аплицикации и реализирани заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси.

-Реализирана размена на искуства;

-Применети позитивни искуства;

-Зголемен број на потенцијални инвеститори;

-Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации;

Очекувани продукти

-Зголемен број на иницијативи за продлабочување на соработката;

-Зголемен број на посети на делегации во Велес; (јавно достапни информации)

-Зголемен број на реализирани посети на делегации од Општина Велес во збратимените градови и градовите пријатели на Велес; (јавно достапни информации)

-Зголемен број на организирани средби и дискусии;(заклучоци, јавно достапни информации)

-Реализирани заеднички проекти;(проектна документација, конкретни активности)

-Применети искуства (јавно достапна документација и информации)

-Реализирани инвестиции (број на инвеститори)

-Реализирано учество на претставници на културно уметнички друштва, групи и индивидуални уметници на значајни културни и спортски манифестации (јавно достапни информации)

3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

На интензивирањето на меѓународната соработка покрај Градоначалникот и човечките ресурси во рамките на општинската администрација ќе учествува и Советот на Општината чии членови ќе бидат вклучени во взаемни посети и размена на искуства со збратимените градови и градовите пријатели на Велес.

Од особена важност е Советот на општината активно да учествува со свои иницијативи во продлабочувањето на меѓународната соработка.

4. ОДРЖЛИВОСТ

Програмата за меѓународна соработка како прва од ваков вид на локално ниво во голема мера придонесе за интензивирање на меѓународната соработка и поттикна голем број иницијативи за проширување на бројот на збратимени градови, градови пријатели на Велес, партнерски региони, асоцијации и меѓународни организации. Самата програмска определба за континуирано усогласување на активностите со динамиката на евроинтегративните процеси оди во прилог на одржливоста на програмата.

БУЏЕТ

ОПИС	**Предвидени средства** **Вкупно** МКД	Општина Велес	Други извори
• Организиран престој на делегации во Велес;	400.000	400.000	
• Организирани посети на претставници на Општина Велес во збратимените градови и градовите пријатели на Велес;	100.000	100.000	
• Аплицирање на заеднички проекти во рамките на евроинтегративните процеси.	300.000	300.000	
• Организирано учество на групи и поединци на значајни манифестации, саеми и работилници	150.000	150.000	
• Организација на меѓународни средби во рамките на евроинтеграциите	250.000	250.000	
• Непредвидени трошоци	200.000	200.000	
Вкупно	**1.400.000**	**1.400.000**	

Број 07-4957/13
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

306.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изградба на споменици и спомен обележја на територијата на Општина Велес за периодот од 2010-2015 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Програма за изградба на споменици и спомен обележја на територијата на Општина Велес за периодот од 2010-2015 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/14
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за изградба на споменици и спомен обележја на територијата на Општина Велес за периодот од 2010-2015 година

1. Советот на Општина Велес донесе Програма за изградба на споменици
и спомен обележја на територијата на Општина Велес за периодот од 2010-2015 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/14
17.11.2009 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата („Сл. весник на РМ“ бр.66/04) и член 45 , став1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес“бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

ПРОГРАМА
за изградба на споменици и спомен обележја на територијата на Општина Велес за периодот од 2010-2015 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се :

-Обезбедување активен однос на Општина Велес кон културно-историското минато на Велес и Република Македонија;

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно-историско наследство на Велес;

-Сочувување и афирмирање на историскиот и културниот идентитет на Општина Велес;

-Презентирање и афирмирање на историските личности – креатори на македонската историја и култура.

II. АКТИВНОСТИ

Ред. Бр.	Споменик-спомен обележје	материјал	локација	Извори на финансирање	рок	носител
1.	Скулптура – видра, маскота на Општина Велес	бронза	Парк кај Ликовен салон (во фонтана)	Буџет на Општина Велес	2010	Општина Велес
2.	Скулптура – афионска чушка, заштитен знак на Општина Велес	Материјал по избор на авторот	Паркова површина пред Општина Велес	Буџет на Општина Велес	2011	Општина Велес
3.	Споменик на Јордан Хаџи Константинов Џинот	Бронза	Младински парк (во близина на театарската зграда)	Општина Велес	2011	Општина Велес
4.	Спомен-обележје на жртвите и учесниците во воениот конфликт во воените дејствија 2001 година	бронза	Дополнително ќе се утврди	Општина Велес	2011	Општина Велес
5.	Биста на Шефки Сали	бронза	Ул.„Шевки Сали“	Буџет на Општина Велес	2012	Општина Велес
6.	Споменик на Димитрија Чуповски	Бронза (мермер)	Дополнително ќе се утврди	Буџет на Општина Велес	2013	Општина Велес
7.	Споменик на Петар Поп Арсов	Бронза (мермер)	Населба Тунел	Буџет на Општина Велес	2013	Општина Велес
8.	Мали скулптури во просторот	Сите видови материјал	на различни локации низ градот	Буџет на Општина Велес (дела создадени на скулптор ската колонија)	2010-2015	Општина Велес

ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЧНОСТИТЕ И НАСТАНИТЕ НА КОИ ИМ СЕ ПОДИГА СПОМЕНИК И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ

1. Скулптура видра, маскота на Општина Велес

За оплеменување на јавно-прометните површини во Велес се предвидува поставување на повеќе скулптури во просторот преку кои ќе се презентираат и симболите на градот.

Карактеристичен симбол на Велес е видрата – која за маскота на Општина Велес е усвоена во 2006 година. Со сигурност се знае дека видрата живее во водите на реките Бабуна и Тополка, а во минатото ги населувала и водите на реката Вардар. Видрата живее исклучиво во чисти, незагадени води. Со утврдувањето на видрата за маскота на Велес се потенцираат заложбите на Општина Велес да стане еколошки чиста животна средина во која ќе се вратат сите животински видови кои во минатото биле нејзино обележје.

Со поставување на скулптура видра во просторот ќе се разубави просторот во градот но и ќе се потенцираат заложбите на велешани за здрава животна средина.

Најдобра локација за оваа скулптура е фонтаната во паркот во близина на Ликовниот салон.

Скулптурата нема да ги надмине димензиите 2мх2мх1м и ќе биде изработена во бронза. Цената на чинење нема да надмине 300.000 денари.

2. Скулптура – афионска чушка, заштитен знак на Општина Велес

Еден од симболите на Велес што треба да се постави во јавно-прометните површини во Велес е афионската чушка што од 2006 година е прогласена за заштитен знак на Велес.

Афионот е индустриско растение кое во минатото било основен земјоделски производ на населението. Тој не е билка што успева на секоја почва и на кој не му погодува секоја клима. Поднебјето на Велес и климатските услови се погодни за одгледување на афионот.

Во периодот кога се одгледувал афионот Велес бил најголемиот трговски центар на овој дел од Балканот, а главен трговски производ е афионскиот катран чија цена се поистоветувала со цената на златото. Во втората половина на 20 век одгледувањето на афион е строго контролирано од државата заради спречување на можноста да биде злоупотребен во недозволена трговија со наркотични средства. Денес иако ризикот при произведувањето е сведен на минимум, афионот е многу малку присутен на велешките полиња.

Бидејќи афионот е производ што обележува долг историски период од развојот на Велес и е карактеристика на ова поднебје, Општина Велес афионската чушка ја утврди за свој заштитен знак. Со поставувањето на оваа скулптура во просторот се обележува еден многу значаен период од развојот на Велес.

Бидејќи станува збор за заштитен знак на Општина Велес најповолна локација за поставување на скулптурата е паркот пред општинската зграда.

3.Споменик на Јордан Хаџи Константинов – Џинот (1821-1882)

Во 2011 се навршуваат 190 години од раѓањето, а во 2012 година 130 години од смртта на основоположникот на драмската уметност, основачот на првото училиште на македонски јазик, преродбеникот Јордан Хаџи Константинов Џинот.

Во овој период се очекува да биде завршена изградбата на новата театарската зграда на Народниот театар од Велес што го носи името на Џинот. Со изградбата на споменикот во кругот на театарската зграда ќе се заокружи и уредувањето на Младинскиот парк.

Со поставувањето на споменик на Џинот се оддава почит кон една од најзначајните личности од македонската историја. Неговата развиена четири деценискa просветителска дејност е основата на просветителството на македоски јазик. Големите заслуги на Џинот достојно ќе бидат истакнати и овековечени со подигнувањето на овој споменик.

4.Спомен-обележје на жртвите и учесниците во воениот конфликт во воените дејствија 2001 година

Во воените конфликти во Република Македонија во 2001 година учествуваа голем број граѓани од Општина Велес. Оливер Китановски го загуби животот, а многумина останаа трајни инвалиди кои и денес ги чуствуваат последиците од овој вооружен конфликт. Ова спомен обележје се подига во знак на почит кон херојството и себевградувањето во темелите на Македонија и нејзината самобитност на учесниците во воените конфликти од 2001 година. Борците од 2001-та се континуитет на историската верига од македонски синови кои секој во своето време, а со иста цел со оружје ја бранел својата татковина и дедовина. Спомен-обележјето ќе сведочи и потсетува и им е посветено на сите учесници од овој историски период.

5. Биста на Шефки Сали

За поставување на биста на првоборецот Шефки Сали до Општина Велес беше поднесено барање од граѓаните од турска националност.

Во консултација со ОО на СЗБ од НОВ и историската литературата што го обработува овој период од историјата на македонскиот народ, Шефки Сали е прикажан како идеолошки напредна и исклучително позитивна револуционерна личност.

Со поставување на биста на овој првоборец ќе се задоволат потребите за рамномерно презентирање на личностите од

историјата на Велес и Македонија од други националности кои трајно се вградиле во темелите на македонската историја.

6. Споменик на Димитрија Чуповски (1878-1940)

Во 2013 година се навршуваат 135 години од раѓањето на Димитрија Чуповски. Тој е неформалниот основач на Македонската академија на науките и уметностите на Република Македонија. Борбата за национално осознавање и осамостојување на Македонија ја водел надвор од нејзините граници, во високите интелектуални кругови на тогашна Русија. Неговите јавни настапи и статиите објавени во списанието „Македонски глас“ го издвојуваат како најистакнат претставник на македонската национална мисла.

Димитрија Чуповски е клучна личност во македонската историја и уште една голема гордост на Велес. Со подигнувањето на споменик на Чуповски Општина Велес го исполнува својот долг кон знаменитите велешани кои трајно се вградиле во создавањето на македонската историја.

7. Споменик на Петар Поп Арсов (1868-1941)

Петар Поп Арсов е македонски револуционер, основоположник на македонската револуционерна организација, долгогодишен член на ЦК на ТМОРО, автор на нејзиниот прв Устав и автор на познатата публикација „Стамболштината во Македонија и нејзините претставници“.

Роден е во с.Богомила, а се школувал во Велес, Солун, Белград и Софија. Заедно со македонската интелигенција Даме Груев, Крсте Мисирков, Гоце Делчев и Ѓорче Петров учествувал во создавањето на „Младата македонска книжевна дружина“ и издавањето на списанието „Лоза. Во 1893 година во Солун ги поставил темелите на ВМРО. Во 2013 година се навршуваат 120 години од овој клучен настан за македонската историја. По тој повод се предвидува и откривањето на споменикот (23.10.2013 година).

Со изградба на споменик на Петре Поп Арсов Општина Велес трајно ќе го осветли ликот и делото на овој великан на македонската национална мисла.

8. Мали скулптури во просторот

Естетската слика на градот, уреденоста на јавно-прометните површини се надополнува со присуството на уметнички дела што сведочат за степенот на културен развој на граѓаните, за нивното почитување на уметноста, но и за презентирање на уметничките достигнувања на скулпторите од Велес.

Поставувањето на мали скулптури во просторот на различни локации во градот се овозможува со основањето на скулпторската колонија. Делата создадени на оваа колонија секоја година ќе се поставуваат на јавно-прометните површини низ градот.

III. ФИНАНСИРАЊЕ

Изработката на спомениците и спомен-обележјата ќе се финансира од Буџетот на Општина Велес за годината за која е планирано неговото поставување, од донации и спонзорства.

Средствата за реализирање на оваа Програма се предвидуваат во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за тековната година.

За изработка на идејно решение за секој споменик или спомен обележје од оваа Програма, Советот на Општина Велес именува Одбор за подигање на спомен-обележјето. Одборот согласно Законот за меморијални споменици и спомен обележја ја спроведува постапката за подигање на спомен-обележјето.

IV. ЕВИДЕНЦИЈА

За секој споменик и спомен-обележје изградени по оваа Програма, како и за спомениците и спомен-обележјата што се наоѓаат на територијата на Општина Велес се води Регистар на споменици и спомен-обележја.

V. ОДРЖУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

За одржување и обезбедување на спомениците и спомен-обележјата на територијата на Општина Велес се грижи Локалната установа Народен музеј Велес и ЈКП „Дервен“ од Велес.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/14
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

307.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување претставници на Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес

Се објавува Решението за разрешување претставници на Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/15
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 17, став 3 од Законот за Јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За разрешување претставници од Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес

1. Од должноста членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес се разрешуваат:

-Славчо Мацаров – дипл.економист

-Силвана Андовска – дипл.земјоделски инжинер

-Али Исмаилов – ССС

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-4957/15
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

308.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претставници на Општина Велес –членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес

Се објавува Решението за именување претставници на Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/16
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 17, став 3 од Законот за Јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За именување претставници од Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес

1.За членови во Одборот за контрола на

финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес се именуваат:

-Софија Груевска – дипл.економист
-Горан Костадинов – дипл.економист
-Стојан Ѓорѓиевски – дипл.економист

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-4957/16
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

309.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Дервен“ за периодот од I-IX месец 2009 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Дервен“ за периодот од I-IX месец 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/17
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 15.10.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Дервен“ за период од I-IX месец 2009 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работата на ЈКП „Дервен“ за период од I-IX месец 2009 година на Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/17
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

310.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за актуелната состојба во месноста поток и штетите направени од одронот на карпите

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за актуелната состојба во месноста поток и штетите направени од одронот на карпите, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 16.11.2009 година.

Број 08-5078/19
23.11.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 16.11.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за актуелната состојба во месноста поток и штетите направени од одронот на карпите

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за актуелната состојба во месноста Поток и штетите направен од одронот на карпите.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-4957/19
17.11.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

292	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2009 година** **Одлука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Велес за 2009 година**	**351**
293	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за учество во реализација на проектот „Биста на Кочо Рацин во Самобор - Р.Хрватска“** **ОДЛУКА за обезбедување на финансиски средства за учество во реализација на проектот „Биста на Кочо Рацин во Самобор-Р. Хрватска“**	**353**
294	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2009 година** **З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети квартал 2009 година**	**353**
295	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2010 година** **П Р О Г Р А М А ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО 2010 ГОДИНА**	**354**
296	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2010 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изработка на урбанистички планови во Општина Велес за 2010 година** **П РО Г Р А М А за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2010 година**	**366**
297	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година**	**368**

Бр на акт **Страница**

ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година

298 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година** **377**

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година

ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2010 година

299 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2010 година** **381**

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалениот Економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2010 година

П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој (ЛЕР) и развојот на информатичката технологија (ИТ) во 2010 година

300 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2010 година** **384**

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справување со кризи во 2010 година

П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и справувањето со кризи во 2010 година

301 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година** **388**

З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

П Р О Г Р А М А за активностите на Општина Велес во областа на здравството и социјалната заштита во 2010 година

Бр на акт **Страница**

302	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година** **ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година**	**393**
303	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година** **ПРОГРАМАза активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година**	**396**
304	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година** **ПРОГРАМА за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2010 година**	**401**
305	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година** **ПРОГРАМА За активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година**	**406**
306	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програма за изградба на споменици и спомен обележја на територијата на Општина Велес за периодот од 2010-2015 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за изградба на споменици и спомен обележја на територијата на Општина Велес за периодот од 2010-2015 година** **ПРОГРАМАза изградба на споменици и спомен обележја на територијата на Општина Велес за периодот од 2010-2015 година**	**410**

Бр на акт **Страница**

307	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување претставници на Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес** **Р Е Ш Е Н И ЕЗа разрешување претставници од Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес**	**414**
308	**З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување претставници на Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес** **Р Е Ш Е Н И Е За именување претставници од Општина Велес – членови во Одборот за контрола на финансиско-материјалното работење на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк спорт“ Велес**	**414**
309	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Дервен“ за периодот од I-IX месец 2009 година** **З А К Л У Ч О Кза усвојување на Извештај за работата на ЈКП „Дервен“ за период од I-IX месец 2009 година**	**415**
310	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за актуелната состојба во месноста поток и штетите направени од одронот на карпите** **З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за актуелната состојба во месноста поток и штетите направени од одронот на карпите**	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00